**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Осумдесет и третата седница на**
**Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 17.09.2001 год.**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 13,15 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумдесет и третата седница на Собранието на Репоублика Македонија.

Пратениците Благоја Ханџиски, Илија Георгиев, Валентина Божиновска, Јордан Бошков и Васил Ефтимов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 78 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 11 октомври и Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За гласале 69 пратеници, воздржано гласале 3 пратнеици, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Група пратеници предлагаат Предлогот на дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на декларација за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон - САД од 11 септември 2001 година.

Предлогот на декларацијата Ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 78 пратнеици. За гласале 75 пратеници, воздржано гласале 2, 1 гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Саво Климовски, предлага Предлгогот на дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници. За гласале 52 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 29 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1 Предлог на Декларација за осуда на терористичките напади во Њујор и Вашингтон - САД од 11 септември 2001 година,

2 Предлог на одлука за распишување на референдум во република Македонија.

3 Предлог на одлука за распишување на Референдум во Република Македонија,

4 Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) по Договорот за заем за Проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здруженија за развој (ИДА) по Договорот за кредит за Проектот за подобрување на водоснабдувањето,со Предлог на закон,

6. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за Проектот за развој на општините и културата со Предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за Проектот за развој на деца и младинци, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за осигурување, со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за поттикнување и заемна. заштита на инвестиции , соПредлог на закон;

11 Предлог за донесување на закон заратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран за взаемно унапредување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон;

12 . Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Финска за

поттикнување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за поттикнување и заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за поттикнување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална ревазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална ревазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран, за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот од капитал, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владатана Финска за одбегнување на двојното даночување по однос на даноците од доход, со Предлог на закон

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата
"11 Октомври",

20. Предлог на одлука за изменување на одлуката за резрешување и именување на членови на Одборот за доделување на наградата за Годишно остварување во областа на публицистиката и новинарството.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе,

На минатата седница ни ветивте дека денеска ќе дозволите извес-но време за пратенички прашања.

Ме интересира околу тоа, дали денеска ќе има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега зборуваме за дневниот ред. Немате предлог за измена или дополна на дневниот ред.

Збор има г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата,

Јас не го дополнив моето барање што беше и на претходната седница за бројот на оружјето, за бројот на инцидентите настанати после Охридскиот договор и после усвојување на иницијативата за промена на Уставот во Собранието, бидејќи сеуште немаме информација од Владата.

Имено на минатата седница сите бевме сведоци дека лично од премиерот на Владата добив уверување дека на Првата наредна седница ќе имаме, како Парламент, таква информација.Меѓутоа, до пратениците таква информација сега засега нема.

Сметам дека, ако таква информација може Владата да подготви до крајот на завршување,то на оваа сеедница, што се очекува да трае неколку денови, дека би можеле, доколку е подготвена Владата за такво нешто, да гои дополниме дневниот ред, бидејќи сепак, еве и околу прашањето околу референдумот и околу размислувањата за седницата во среда, за натамошните одлучувања околу Уставните промени, таквите податоци се важни. Од друга стрна важни се и податоците што ги имавме, што ги очекувавме околу бројот на бегалците, состојбите на бегалската криза во република Македонија, тоа е другото прашање што Владата го вети за оваа седница. Меѓутоа, очигледно и за ова координативното тело на Владата нема дадено никаква информација до Собранието на Република Македонија.

Можеби тоа може да почека некоја седница, но првото прашање, за бројот на прекините на огнот, дали се почитува прекинот на огнот, дали терористичките групи и нашите сили се на своите позиции на кои што треба да се, според Договорот во Охрид, ние немаме такво сознание.

Сметам дека, навистина да работиме како Парламент, овие денови за вакви важни одлуки таквите податоци треба да ги имаме. Можеби и како Парламент треба да размислуваме таква точка, ако се согласи Владата да усвоиме во текот на оваа седница, како што беше ветено, а во текот на наредните днеови да ги добиеме податоците од една таква информација од Владата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО БУЧКОВСКИ:**

Да, др крајот на оваа седница такво известување од Координативното тело на Владата за справување со кризата ќе има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може да влезе во дневниот ред.

Предлогот на г-динот Стојменов го ставам на гласање.

Владата нема забелешка на предлогот.

Ве молам да гласаме по Предлогот на г-динот Стојменов.

Претставникот на Владата се произнесе

дека може да стаса во текот на оваа седница. Така кажа претставникот на Владата.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Вкупно гласаа 74 пратеници.

За гласаа 57 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динот Стојменов е усвоен.

Сега, како точка 21. - е, предлогот на г-динот Стојменов, да повториме Информација за инцидентите, за бројот на инцидентите и местото на инцидентите и карактерот на инцидентите со кои е нарушена спогодбата за прекин на огнот.

Друго е прибирањето на оружјето.

Така беше.

Така ли е г-дине Стојменов?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ако дозволите од стенограмот од минатата седница ќе го прочитам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, мора да знаеме сега што да запишиме.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Добро., тогаш, вака ќе биде Информација за прекршувањето на примирјето... **СТОЈАН АНДОВ:**

На прекинот на огнот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

... на прекинот на огнот според потпишаниот Договор во Охрид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не:

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Па, сега треба да импровизирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Намерата ако вие ова што го кажав, нека остане тоа што го кажав јас.

Дали може?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Може.

Може така да биде и после иницијативата за одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи тоа е што го јас кажав овде точка 21. од дневниот ред, да не го читам целиот дневен ред повторно.

Дали има друг предлог за дневен ред? (Нема).

Бидејќи нема, дневниот ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 90 пратеници. За гласале 75 пратеници, воздржа но гласале 2 пратеници, против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага

Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именуваш претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври" и Предлогот на одлуката за разрешување и именување на членовите на Одборот за доделување на наградата за Годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници. За гласале 57 пратнеици, воз-држано гласале- 11 пратеници, против гласале 17 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Минуваме на пратенички прашања.

Бидејќи ова е прва седница на која имаме пратенички прашања откако е формирана Владата на широка коалиција, почнуваме од сегашниот редослед, кој како се пријавил.

Пратенички прашања ќе имаме еден час, бидејќи имаме многу други работи.

(Пратеникот Абдулади Вејсели бара да добие збор).

За тоа не е предвидено да се даваат предлози за продолжување.

За збор се јави г-динот Ристо Тодоров.

(Пратеникот упорно бара да добие збор).

Деловничка интервенција, само така може, не може инаку, бара г-динот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Мислам дека, поради тоа што долго не се состанавме како Собрание, поради тоа што имаме нова Влада за политичко единство, барам, поради тоа што имаме многу прашања што треба да ги поставиме до министрите на ресорите, фактички до Владата, барам тоа што е од ваша страна определено 1 час за поставување пратенички прашања, тоа да прдолжи максимум 2 часа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Многу е тоа.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Не можеме само 3-4 да кажеме г-дине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака, до 15,00 часот. Дали е договорено?

(Договорено)

Значи пратенички прашања до 15,00 часот.

Деловничка интервенција има г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе,

На оваа седница ќе поставуваме пратенички прашања. Претходно имавме поставено пратенички прашања на кои што добивме одговори. Не знам зошто согласно деловникот на оваа седница не постапувате да ги расчистиме тие, тоа што сме започнале, што сме прашале. Досега, сите седници така почнувале, во делот на пратеничките прашања. Дали го

прескокнавте тој дел? Мислам дека треба да постапиме така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во право е господинот Гештаковски, без оглед на промена на Владата, Владата функционирала континуирано и можеме да ги минеме прво нив пред да им дадам збор на овие кои сега се јавуват. Тоа еве, го компензирам со овој половина час.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Републлика Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Сејфедин Харуни, Данило Глигоровски, Билал Љутфии, Миланчо Черкезов, Слободан Даневски, Александар Гештаковски, Горанчо трајков, Горги Котевски, Стојан Ковачевски, Златко Стојменов и Оломан Сулејмани.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

Бидејќи со повторното електронско пријавување компјутерот се става во аут, ве молам да се јавувате со кревање на рака или пак да ги читам по ред како што се овде наведени.

Дали господинот Сејфедин Харуни има дополнително прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не можам да имам дополнително прашање или да кажам дали сум заодоволен или не бидејќи одговорот воопшто не сум го добил.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговор сте добиле, бидејќи Ви е доставен преку службите на Собранието.

Но, ако немате, немате. Одиме натаму.

(Пратеникот Сејфедин Харуни укажува дека нема добиено одговор).

Што друго можеме да направиме.

Ве молам, на ред е г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Да, да, имам прашање, меѓутоа немам примено одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Билал Љутфии - нема.

Господинот Миланчо Черкезов?

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Слободан Даневски?

Во ред.

Господинот Александар Гештаковски?

Има збор Г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, имам одговор добиено на две прашања, па незнам дали имате таму во сценариото или да се обидам јас за двете?

Едното прашање беше од 1.08.2001 година, под број 07-1615/3, се однесуваше околу отворање на граничниот премин према Република Грција на "Маркова нога". Имав поставено пратеничко прашање, одговор не добив, поставив дополнително, одговор добив. Сакам да истакнам дека и од дополнителниот одговор не сум задоволен.

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, барам по ова пратеничко прашање за отворање на граничнкиот премин да се расправа по информација од страна на Владата. Бидејќи Владата наведува историјата, наведува дека требало елаборати од општината, врз основа на одредени преземени обврски, барам да се расправа на една од наредните седници по ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По однос на барањето на господинот Гештаковски да се достави таква информација за да можеме да расправаме по неа.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, не се работи за доставување на информација, се работи за постапување по деловникот. Вие постапете по деловникот, прашајте го претставникот на Владата и должни сте доколку утврди Собранието, на наредната седница да го поставите на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму, околу второто прашање, или заедно,исто е.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, не постапувате согласно член 43 од Деловникот на Собранието, став 2, за првото прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе постапиме по деловникот.

Дали овде имаме претставник на Владата, кој ќе ни одговори, да се каже и ставот на Владата, по барањето на господинот Гештаковски, да се стави на дневен ред.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Ако може уште еднаш да се прочита барањето.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Побаран е одговор за поставено прашање, побаран е одговор на дополнително прашање. Владата дава неодредени и нецврсти одговори. Затоа согласно Делвоникот барам да се изготви Информација околу преземените асктивности, кои се причините за неотворање на преминот Маркова Нога, меѓу Република Македонија и Република Грција.

Тоа е прашањето по кое треба да расправаме, бидејќи одговорите се нејасни, неточни и непрецизни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи Владата да изготви информација по која ќе расправаме. Тоа е предлогот на господинот Гештаковски.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Имајќи предвид дека пратеникот не е

задоволен од одговорот на поставеното пратеничко прашање, дадено од страна на Владата, а сега неговото барање е да се изготви, од страна на Владата, Информација за да се расправа на Владата. Владата прифаќа да се изготви Информација, но не за оваа седница, за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега да гласаме за барањето на господинот Гештаковски.

Ве молам да гласаме.

Очигледно сите не гласале.

Молам да го повториме гласањето.

Од вкупно 74 пратеници за гласале 44, воздржани 14 и против 16 пратеници.

Констатирам дека барањето на господинот Гештаковски е усвоено.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Имав одговор и на друго пратеничко прашање па да се изјаснам.

Не сум задоволен од одговорот на другото, од моја страна поставено прашање.

Прашањето е околу давачките при увоз на моторни возила.

Ние овде во Собранието отворивме расправа околу оваа работа и при донесување на Законот за акцизи кога беше ветувано од страна на министерот. Пратениците се сеќаваат, дававме и одредени амандмани и дека дури во јули и август министерот, во договор со ММФ ќе предложат одредени решенија. Сеуште ништо не е направено, а се повеке возила се увезуваат од Република Бугарија,а граганите даваат најголеми двачки. Инаку да кажам во сето ова не се постапува ни согласно Спогодбата со Европската Унија за намалување на царинските давачки.

Моето прашање беше специјално во делот на вачките кои граѓаните на РМ ги даваат за хомологација. Тогаш истакнав дека се даваат од 800 до 1000 марки.

На ова поставено прашање добив одговор каде е Владата, преку министерот за финансии господинот Груевски, вели многумина со право нагласуваат дека интегрирањето "во делот на техниката" е потешкиот дел, отколку усогласувањето со декларации и определби и "слични писанија" и дека на Република Македонија и престојат одговорни задачи.

Овие бараша што ние ги бараме за граганите, покрај огромните давчаки да плаќаат уште 1000 марки за увезување на нови или половни возила биле писанија.

Понатаму во одговорот се даваат одредени образложенија , точно писанија дека тоа било спротивно на конкуренцијата, на пазарната економија на конкурентната способност на макеонското производство, како да Македонија произведува патнички возила, теретни возила па плус треба да плаќаат 1000 марки.

Дадени се податоци како тоа е решено во светот, од технички аспект меѓутоа и од финансиски, наведувајќи дека надоместокот хомологација не е јавна давачка, а во основа е монополска, дека Министерството нема пропишано услови колку ќе се плаќаат, но Министерството за економија ќе донесе наредба за регулирање на условите.

Само сакам да кажам за пратениците и за Владата дека самата Влада потврдува дека во Германија за хомологација се давата од 100 до 200 марки, преку Институтот за развојна техника. Во Репбулика Македонија се плаќаат 800 до 1000 марки.

Имам дополнително прашање.

Кога и дали Министерството за економија ќе ја донесе Наредбата за хомологација а кога Министерството за финансии ќе воведе ред, бидејќи во една Германија каде просечна плата е 5000 марки плаќаат по 100 марки, а во Република Македонија се воведуваат арачи, се плаќа оп 1000 марки. И кога ќе ги преземе другите регулативи во однос на изедначување на давачките за патнички моторни возила, согласно напатствијата на Парламентот и на сите други држави на Балканот кои тоа го воведуваат, да не се доведуваме во состојба бидејќи гледате дека секое трето или четврто возило е со странска регистрација поготово бугарска и албанска, а Буџетот на Република Македонија е се попразен од овој дел на давачки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој од Владата сака да даде одговор на ова прашање?

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Имајќи го предвид тоа што на денешната седница немаме претставник ни од Министерството за економија, ни од Министерството за финансии не ќе можеме денес да одговориме на ова пратеничко прашање.

Молам, да се донесе заклучок дека во писмена форма Владата се одговори по однос на ова поставено прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Гештаковски е задоволен со одговорот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Горанчо Трајков е задоволен од одговорот.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Да.

(Со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господинот Стојан Ковачевски е задоволен од одговорот.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Да.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали госопдинот Златко Стоименов е задоволен од одговорот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

По однос на првото прашање што го поставив на минатата седница сум задоволен, бидејќи тоа е препратено, на тврдењето на министерот за труд и социјална политика, тогаш дека нема етничко чистење во Македонија, бидејќи тоа прашање беше за етничкото чистење на македонците во западниот дел на Македонија, одговорот на министерот беше дека нема такво етничко чистење. Сега, еве, после неколку месеци, координативното тело на Владата на РМ зема обврска да даде одговор на таквото прашање, дали има и во колкав број е и се надевам дека ќе добијам одговор и задоволен сум што ќе добијам таков одговор од координативното тело на Владата а не од министерот кој изјави дека нема етничко чистење. Очигледно имало.

Сакам сега да го дополнам моето второ прашање кое се однесуваше на работното време на конфекциите во градот Штип, каде што од поставеното прашање се гледа дека Владата сепак ја работела својата работа односно направила е2 контроли, нашла 65 недостатоци и неправилности на почитување на работното време во конфекциите во градот Штип и за сторените прекршоци се поднесени 62 барања во судот во Штип. Изречени се парични казни од 2000 до 3000 денари.

Ова го кажувам бидејќи сепак појавата и натаму продолжува во грдот Штип, и покрај одговорот на Владата дека се реагира на непочитување на работното време на конфенциите во Штип. Затоа ќе поставам дополнително прашање до Владата.

Прашањето е:

Дали Валдата планира понатаму да преземе некаква активност, сепак до крај да го реши овој проблем, во смисла на контакт со судските инстанци. Иако се тоа два сегменти на власта, сепак некаков контакт преку Министерството за правда, или некој друг начин на комуникација со судските инстанци, сепак ова прашање да се реши соодветно, а казнената политика во државата да ја доведеме така како што треба, или пак размислува во иднина да покренеме парламентарна постапка во која ќе ги промениме казнените одредби и ќе бараме тоа да се решава на соодветен начин.

Прашањето до Владата е, сепак, како да дојдеме до конечниот епилог и до целта која ја сакаме и ние во Парламентот, и Владата, а веројатно и судските власти во РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збро господинот Бедредим Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине потпретседателе, бидејќи бев прозван од страна на пратеникот, да кажам дека јас сеуште тврдам оти во Македонија нема етничко чистење, тука имаме првиремено раселени лица, и тоа според пода-тоците со кои располага Министерството за труд и социјална политика, некаде околу 76.000. Мислам дека таа бројка не е точна. Моментално бројот е многу помал.

Од времено раселените лица е0% се албанци, 10% се македонци и сеуште тврдам дека во Македонија нема етничко чистење, туку поради кризата која владее во земјата, повеќе од седум месеци, имаме привремено раселени лица, а Владата и Координативното тело прават напори овие лица што побрзо да ги врати во нивните домови. Но тоа не зависи само од Владата и од Координативното тело. Пред се ќе зависи од работата на Парламентот во однос на доследно и целосно применување на Рамковниот договор потпишан во Охрид.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Незнам сега дали на дополнителното. Сега дали на дополнителното прашање од пратеникот Стојменов, министерот Фетаи ќе има можност и желба да одговор на прашањето за неказнување односно недоволно казнување на прекршување на работното време.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Ќе дадеме писмен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи одговорот на министерот е дека писмено ќе достави одговор.

Дали господинот е задоволен со овој одговор?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Задоволен сум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господинот Оломан Сулејмани е задоволен од дадениот одговор на поставеното прашање?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас поставив прашање и имам добиено одговор.

Моето прашање беше во врска со наплаќањето на електричната енергија за верските објекти, т.е. џамиите и другите православни објекти Меѓутоа, Владата заземала став овие корисници да се ослободат од тарифата индустриска струја. Но, моите сознанија кажуваат дека во одредени објекти сеуште се наплаќа индустриска струја.

Сега останува надлежниот министер односно другите компетентни во електрбдисррибуција тоа да го спроведат и на терен што значи тие корисници да се ослободат од индустриската струја ида бидат во онаа нормалната.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали ресорниот министер сака да даде одговор на ова дополнително барање од господинот Сулејмани или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали министерот Бесник Фетаи сега ќе ни даде одговор?

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Мислам дека прашањето од патеникот беше поставено во Собранието предниекоја седница на Собранието на Република Македонија. Мислам дека писмено е известен од страна на Министерството за економија. А исто така тоа што вели дека Владата донела одлука околу ослободување на

верските заедници, мислам дека Владата не може да донесе таква одлука , заради тоа што тоа треба да се определи со закон. Доколку ние како Влада ќе се определиме за ослободување на верските институции , тогаш треба да доставиме амандман, со закон да се определува ослободувањето на овие верски заедници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали колегата Оломан Сулејмани е задоволен со вакviот одговор?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас му препоарачувам на министерот , нека го прочита одговорот на Владата па тогаш ќе се увери дека ова што го реков пред јавноста е точно, Дека Владата зазела таков став да се ослободат тие објекти, со некој заклучок.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој од пратениците што ги псотавија овие прашања во врска со истата имаат дополнителни прашања, или бараат посебни објаснувања. (Никој)

Бидејки никој не се јавува, по ова прашање го затворам претресот.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Јас ќе поставам две прашања. Моето прво прашање е упатено до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, г-динот Ѓорчев.

Имено пред 1еее година земјоделскиот комбинат "Анска Река" од Валандово важеше за еден од поуспешните земјоделски комбинати во РМ. Во Комбинатот беа вработени околу илјада работници. Се работеше со 100% од расположливите капацитети, производството околу 90% одеше за извоз, редовно се исплаќаа плати.придонеси и други давачки спрема државата. Денес истиот комбинат е во многу лоша финансиска состојба, не се исплаќаат плати, и по една година , придонеси повее од две години не се плаќаат, производството е катастрофално, а постои и грабеж на имотот на"Уомбинатот и на производството.

Моето прашање до министерот гласи, дали ќе преземе министерот некакви мерки и активности за да се спаси земјоделскиот комбинат " Анска Река" од Валандово од пропаѓање и негова ликвидација.

Второто прашање е конкретно и се однесува до министерот за животна средина и просторно планирање. Имено, дали ќе започнат и ако започнат кога ќе започнат работите околу проектот Ѓавато за спас на Дојранското Езеро.И дали има доволно средства за тој проект?

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ**

Почитувани пратеници, во врска со проблемите во "Анска Река" Министерството за земјоделство досега има преземено две активности. Прво е заедно со Агенцијата за приватизација да се изготви нова организациона поставеност која што ќе значи можност за приватизирање на "Анска Река" како еден од начините за решавање на проблемите во тоа претпријатие.

Второ, со помагање на одредени откупи преку агроберзата за решавање на проблемите на вишокот, пазарниот вишок на одредени производи кои што ги имаше "Анска Река". Меѓутоа, проблемите се од по суштински карактер пред се затоа што претпријатието не е приватизирано и веројатно во таа насока преку Агенцијата за приватизација или со изнаоѓање на стратегиски партнер лежи решението на проблемот и ние тука како Министерство не сме моќни освен во оние , веќе реков , стратегиски определби за помагање со интервентни откупи, со помагање со одредени средства кои што ги чиневме во 1еее и 2000 година. Но, тоа се сепак минимални средства кои што не овозможуваат трајно решение на комбинатот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен со дадениот одговор?

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Не сум задоволен од одговорот на моето прашање, бидејки сметам дека Министерството може да преземе некои понепосредни мерки за заштита на овој комбинат од пропаѓање, бидејки околу илјада семејства живеат и егзистираат од овој комбинат и тоа може да се реагира директно во Агенцијата за приватизација да се решат некои проблеми по итно да се приватизира овој комбинат. А нормално министерот не треба да бега од одговорноста за состојбата во комбинатот бидејки во 1999 година директно се мешаше во кадровските решенија во тој комбинат.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Јас само сакам да кажам дека некои работи околу кадровските решенија апсолутно ние немаме такви ингеренции да се мешаме во кадровските решенија. Второ, не навлегувајки во проблематиката како тој комбинат дошол до таа состојба, факт е дека Министерството за информирање досега , јас и проверив , има информирано над 15 милиони денари помош за "Анска Река" и тој е еден од комбинатите кој што е најмногу помаган од страна на Министерството. Меѓутоа, проблемите на комбинатите датираат не од 1999 година, туку од 1991 година кога настана промена на системот и такви гломазни агрокомбинати можеби преживувале на друг начин, но суштински во организацијата и во технологијата ништо не направиле и затоа доаѓаат до вакви проблеми. Факт е да се каже дека за се веројатно има документи како и зошто комбинатот дошол во таква состојба. Но, сигурно е едно дека Министерството воопшто не се мешало во кадровските проблеми во Агрокомбинатото "Анска Река".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Второто прашање е упатено до министерот за екологија.

**ВЛАДИМИР ЏАБИРСКИ:**

Почитувани пратеници, проблемот со

Дојранското Езеро не е само наш проблем кој се однесува на РМ, туку е проблем од меѓународен карактер. Една малв кратка хронологија која се однесува токму на активностите кои се спроведуваат со цел веќе да се ревитализира екосистемот Дојранско Езеро, бидејки езерото во моментот се наоѓа навистина во катастраофална ситуација.

Само една мала илустрација. Под полн воден режим пред 1е88 година езерото имаше околу 2е0 милиони кубни метри вода. Денеска езерото е сведено на некои 60-тина милиони кубни метри вода. Значи , самото празнење на езерото може да укаже на пореметувањата на еко системот кои се разбирливи и на сите добро познати.

Една кратка хронологија , би се обидел во потполност да одговорам на вашето прашање, затоа што крајно време е да започнеме што повеќе да го актуелизирамв овој проблем, па дури и од говорницата на овој Парламент.Уште во март 1еее година на Владата на РМ спасот на Дојранското Езеро беше поставен како приоритет. Притоа започнаа активности во смисла на изнаоѓање на можности пред се за финансирање на еден ваков проект, а понатаму проектот требаше нормално да се изработи како студија која во денешниот момент се состои од неколку компоненти. Првиот дел од студијата е техничко-хидролошко решение за можното обезбедување на дополнителни количини на вода за полнењето на Дојранското Езеро. И оттука беа предвидени три варијанти. Едната беше обезбедување на дополнителни количини од Ѓавачко поле.

Втората варијанта беше обезбедување на дополнителни количини од сливот на реката Кожув. А третата варијанта беше обезбедување од реката Вардар. Што значи студијата која се однесува на решавањето на проблемот околу овие три варијанти, а изработена од страна на Јавното претпријатие за просторно планирање, а едновремено со исцрпни податоци од Градежниот институт укажа дека можноста за обезбедување на дополнителни количини на вода од Ѓавачкото поле е најреално. Финансиската конструкција како во поглед на техничко технолошкото решение би рекол така и во поглед на финансиската конструкција, бидејки овој проект апроксимативно можам да речам дека ќе чини околу 22 милиони марки. Што ќе покаже понатамошниот тек на работите.

Втората компонента исто така многу важна која се однесува на полнењето , односно ревитализацијата на еко системот Дојранско Езеро, тоа е биолошката компонента. Што значи дкеа мора да се предвиди динамиката по која ревитализацијата на системот ќе биде овозможена. Ние сите добро знаеме дека ова повлекување на еко системот, односно неговата еутрофикација под дејство на антропогениот фактор пред се, а тоа е ако се сетите 1е88 година кога имаше значително повлекување на вода од страна на Грчката страна. Значи сето тоа придонесе литоралната зона на езерото длабоко да се повлече и сосема се пореметри еко системот како во поглед да речеме на фитопланктонот, перифитонот, понатаму другите заедници кои припаѓаат на макрофитската вегетација , појасот на трската и неговиот перифитон би рекол . Значи, вториот момент кој се однесува на биолошката студија треба да ја каже динамиата на полнењето на езерото врз основа на проектот Ѓавачко поле.

И третиот момент за чија реализација ни треба поширока подршка , а тоа е билатералниот договор со грчката страна. Затоа што зборувајки за Дојранското Езеро мора да напоменам дека 68% од неговиот слив се наоѓа на грчката страна .Значи, доколку не воспоставиме билатерална согодба со грчката страна на ниво на две земји за режимот на полнењето, односно режимот на менаџментот на водите на Дојранското Езеро како водите од воденото огледало така и подзамните , односно површинските води кои припаѓаат на сливот, нашиот дел кој се однесува на техниката на полнење ќе биде бесмислен. Отука накратко , да завршам. Направена е студијата , студијата која се однесува на техничко хидролокото решение. Врз основа на таа студија ќе се направи тендерска документација за изведбен проект која е во тек со можност за повлеквуање од милион марки до крајот на годината за изведба на овие активности. Се прави биолошката студија од експертска група и во тек се активностите кои треба да ни овозможат активирање на билатералниот договор од областа на екологијата потпишан со грците 2000 година, односно направени се договори на локално ниво помеѓу Дојран и Дојрани и Кукуш и се обидуваме да воспоставиме контакт на експертско ниво кое понатаму би требало да се дигне со потпишување на заедничи договор помеѓу двете министерства, односно двете влади за спас на Дојранското езеро.

Г-дине, дали сте задоволен со одговорот?

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Задоволен сум од одговорот. Меѓутоа, еден мој совет, парите веќе да не се трошат за проекти и студија, туку директно за конкретни работи и активности за спас на Дојранското Езеро.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, имам едно пратеничко прашање до Владата, конкретно до министерот за правда. Согласно Уставот и согласно законот за Влада , поточно член 37 Владата е должна да обезбеди услови за извршување на одлуките на Уставниот суд на РМ. Постои посебна глава.

Поставувам прашање, зошто Владата на Република Македонија особено Министерството за правда и министерот не ја почитуваат одлуката за укинување , одлуката на Уставниот суд за укинување на одлуката на Владата на РМ при вработувањето кај сите буџетски корисници да се бара согласност од премиерот.односно од неговата канцеларија.

Напротив, Владата која е должна да ги спроведува одлуките и на оние органи кои не ги спроведуваат, на укинувачката одлука на Уставниот суд носи нова одлука со истата содржина и текст, сите вработувања кај корисниците на буџетот во РМ согласност да дава премиерот на РМ, односно неговата канцеларија. Прашањето е за што се работи , дали Владата е свесна што прави со одлуките на Уставниот суд, досега доста сме расправале, или дали ова во Владата на политичко единство не претставува вработување на политичка основа.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (продолжение)

Дали треба да се вработуваат само граѓаните на Република Македонија, кои припаѓаат на премиерот и ќе ги потпишува. Дали не се крие таквта намера, иако не би сакал да верувам во тоа. Владата на укинувачка одлука, прашањето е носи иста одлука. Тоа е првото прашање за министерот за правда и за Владата за политичко единство.

Второто прашање е исто до Владата за политичко единство и до министерот за земјоделство.

Што мисли Владата да превземе околу наредниот пласман на јаболката во Република Македонија особено од аспект на нејзина надлежност, бидејќи со одлуката за слободна трговија со Украина листите јаболкото како производ за бесцаринска размена не влезе, дали во другите листи кои се изготвуваат во Министерството за економија во соработка со Министерството за земјоделство ќе се превземат одредени квоти, кои количини, дали ќе се превземат мерки во однос на билатерални договори мимено спогодбите за слободна трговија со одредени земји за намалување на царисนките давачки, особено со Бугарија и Албанија во поново време, особено во роковите за кои важат одредени ослободувања или намалувања на царините. Исто така, што би превзела во делот на пропагандниот односно на делот на маркетиншкиот дел на пласман на јаболкото, согласно спогодбата за слободна трговија со членките на ЕУ.

За второто прашање од министерот за земјоделство, барам писмен одоговор, а на првото прашање барам усмен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За првото прашање до министерот за правда. Повелете, колега.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

По однос на првото поставено прашање и согласно Деловникот на Уставниот суд, точно е тоа дека Владата е надлежен извршен орган кој треба да ги извршува одлуките на Уставниот суд. Од укинувањето на Одлуката од страна на Уставниот суд, најверојатно тоа ќе го направиме како Влада писмено во тој дел по однос на тоа дали од Кабинетот на претседателот во соработка со Министерстовот за финансии, согласно таа одлука која ја укина Уставниот суд се дадени согласности за нови вработувања.

Јас ја користам приликата да ве известам дека Владата има донесено нова одлука, согласнло која за секое вработување во органите на Државната управа, па и во јавните претпријатија, пред да биде објавен оглас за ново вработување, органите се должни од страна на Владата односно од страна на Министерството за финансии да бараат согласност за спроведување на таков оглас.

А, по однос на конкретните примери, јас би го замолил пратеникот да дозволи на Владата тоа да го направиме во писмена форма.

Благодрам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Гештаковски дали сте задоволни од одговорот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Не сум задоволен од одговорот, во принцип го прифаќам накнадно писмениот соодговор на овој дел, но се работи не за поединечни акти, се работи за целосно рушење на политичкиот систем, на позитивните законски прописи во Република Македонија, кои се регулирани со позитивните законски прописи. Тоа е Законот за Буџет, Законот за извршување на буџет, Законот за државни службеници. Во сите тие акти, во Законот за работни односи, постапката е регулирана. Никој не може да вработи, доколку во буџетот нема средства. Овдека се работи за позадината, што истакна дека не би сакал да верува. Се работи за тоа дека премиерот на Република Македонија да потпишува секое вработување. До Владата ќе доставам, доколку се јавуваат граѓаните и како претседател на Комисијата за труд и нови потпишани решенија. Моето прашање е дополнително. Што тогаш? Владата, укинувачка одлука од Уставниот суд во истиот текст, пак ќе донесува. Од кои граѓани во Република Македонија да бараме да гради правна држава. Од кои граѓани, кога самата Влада која е должна, одлука на Уставниот суд укината во самиот текст ја објавува во Службен весник. Се работи за генерално принципиелно прашање, за почитување на законите, на одлуките на Уставниот суд и градење на правнат држава. Затоа, сме дојдени до ова дереџе, бидејќи Влада во една држава не ги почитува одлуките на Уставниот суд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Второто прашање треба да биде до министерот за земјоделство, меѓутоа се бара во писмена форма.

Дали министерот ќе прифати или сега ќе се обиде да одговори.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

За следната седница ќе доставиме писмена информација, а и ние веќе ја одготвуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Министерот зеде обврска по второто прашање да даде писмен одговор.

Молам, дали има уште прашања?

За збор се јави г. Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека пратеникот Гештаковски погрешно го упати прашањето до министерот за правда, прашањето требаше да се упати до Министерството за труд и социјална политика. Прашањето е многу добронамерно од страна на пратеникот. Во услови на неодговорни функционери, било во министерствата, било во јавните претпријатија кои не почитуваат реформа на јавната администрација и донесените закони за рефомата во јавната администрација, Владата беше принудена да донесе прво заклучок, кој од почетокот знаевме дека е противуставен и е укинат од страна на Уставниот суд, после тоа тој заклучок го преименува во одлука, а скоро со слична содржина. Фактички реформата во јавната администрација се сфати само во отпуштање на работници без никакви нови новини во реформата во Државната управа во јавните претпријатија и во другите установи кои на некој начин се финансираат од буџетот на државата.

Јас го давам моето мислење дека и оваа одлука е противуставна и најверојатно со поркенување на постапка за оценување на уставноста таа одлука ќе биде укината, но се додека имаме неодговорни функционери, кои сега оваа празнина ја користат со вработување на нови лица по основ на договор за дело, навистина, имаме една голема анархија во државата. Така што, имаме проблеми и со трудовата инспекција, која е веќе во акција и сите овие договори за дело, без разлика во кои министерства се однесуваат, во кои јавни претпријатија ќе бидат спречувани и ќе има пријави против функционерите кои на овој начин засноваат работен однос, сакајќи да ја злоупотребат одлуката на Владата, но исто така и неодговорниот однос на функционерите во одредени државни органи и претпријатија кои вработуваат, по партиска основа.Така, навистина, имаме една многу лоша појава и оваа појава треба што побргу да се спречи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако по ова прашање нема никој друг да се јави, му давам збор на пратеникот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Сакам да поставам две пратенички прашања, на кои што барам писмен одговор.

Првото прашање е следното и со мало образложение. Југозападниот дел на Република Македонија е најзапоставениот дел од државата во поглед на изградбата на патната мрежа. Долго време низ анализите како пат со највисока рентабилност фигурираше магистралниот патен правец Велес-Прилеп и понатаму Битола-Грчка граница. Тој патен правец е влезен во Европската патна мрежа и поддржан на повеќе Паневропски конференции. Сакам да нагласам неколку елементи со кои ценам дека се од голема важност за добивање на предност во неговата изградба. Се добива магистрална врска на Македонија во југозападниот дел на Македонија, патната врска се скратува за 20 км. во однос на сега постојната, трошоците за експлоатација се намалуваат за 50%, вредноста на патот е околу 130 милиони ДМ, за разлика од вредностите што се изнесуваат од органите. Вложените средства се враќаат за околу 7 години. За овој патен правец имаше распишано и меѓународен тендер.

Прашањето е дали Владата смета да превземе поширока активност за изградба на овој патен правец, имајќи предвид плановите за изградба на објекти во јавниот сектор, средствата од Телекомот, буџетот, како и имајќи предвид и големите потреби, не само за Македонија, туку и за пошироко во регионот. Сакам да нагласам дека во никој случај не треба да се споредува патниот правец преку Плетвар кој што сега делумно се реконструира, со новиот магистрален пат, бидејќи тие патишта не го заменуваат магистралниот пат Велес-Прилеп.

Второ прашање е што ќе направи Владата за обезбедување на целосен и поквалитетен телевизиски прием во Мариовскиот регион што припаѓаше на Прилепската општина. Во овој дел на Мариово жителите не можат да гледаат никаква телевизиска програма.

Благодарам. Реков дека барам одговор во писмена форма.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги чувте прашањата од пратеникот.

Дали министерот прифаќа на овие прашања да одговори во писмена форма. (прифаќа).

Констатирам дека со ова е исцрпено и ова прашање.

Нареден говорник односно кој има право да поднесе пратеничко прашање е пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Сакам да поставам едно прашање до Владата на Република Македонија. Одговорот не е битен дали ќе биде устен или писмен, битно е ова прашање што ќе го поставам да биде реализирано.

Прашањето гласи, дали може да се организира конвој од раселени граѓани од Липковскиот крај кој би поминал и би ги посетил селата Лопате, Опае, Оризаре, се до с. Матејче и ако е можно конвојот да биде организиран на 21.0е, бидејќи на тој ден Манастирот во с. Матејче ја слави својата слава Богородица. Исто така, дали е можно во овој конвој да бидат вклучени и пратеници, со што би се реализирала, практично, започнатата акција од пратеници дека во наредниот период при организација на конвои за посета на кризните подрачја, ќе бидат вклучени и пратеници, за што ние пратеници скоро сите се изјаснивме дека ја прифаќаме оваа акција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пратеникот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Поради тоа што и јас имав исто прашање со една додавка, му се приклучувам на прашањето на пратеникот од Куманово, со една додавка дека бараме од Владата да ни каже дали размислува за организирање на конвои за сите селски населби во Липковскиот простор и како ќе биде таа динамика? Поради тоа што, по ова прашање нема да се јавам, затоа се приклучувам на ова прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во отсуство на министерот за внатрешни работи дали има друг да одговори или тоа ќе го направи министерот за одбрана.

Господин Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Во врска со првото прашање можам да ви речам дека во саботата имаше посета од страна на ОБСЕ во тој дел. Денеска се одржува состанок во Куманово меѓу ОБСЕ и локалната самоуправа. Во среда има седница Координативното тело и врз база на овие сознанија, ќе можеме дефинитивно да ви дадеме одговор дали може и како ќе се организира тој конвој за посетата на Манастирот односно овие села кои ги наведовте.

Што се однесува до Липковскиот крај, односно Липковската општина барањето е од страна на општината поднесено, јас разговарав со градоначалникот на оваа општина. Барањето е доставено до седницата на координативното тело и во среда врз основа на безбедносните извештаи што треба да ги добиеме, ќе можеме да донесеме соодветна одлука.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали колегите пратеници се задоволни со дадениот одговор?

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Од одговорот сум потполно задоволен, меѓутоа како граѓанин на оваа држава ќе бидам сигурно задоволен ако со раселените лица на 21.09., заедно со мои колеги отидеме во сите овие кризни подрачја.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас реков дека му се прилучувам на прашањето, затоа што и јас имав исто прашање во таа насока, со додавка да се прошират конвоите за сите селски населби во кризното подрачје.

Дали е присутен Борислав Трповски?

(не е тука)

Дали е присутен Ненад Ристевски?

(не е тука)

Напоменувам дека овие пратеници што сега ги читам поставиле прашања уште од 19 април.

Сега се јавува пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Поради тоа што првото прашање беше апсорбирано со колегата Стојковски, имам прашање до Министерството за внатрешни работи.

Првото прашање се однесува за с. Опае, кое денес има 178 изгорени куќи, украдени и уништени. Ова село било под контрола на македонските безбедносни сили од почетокот на кризата, па се до денес. Ме интересира кој ги направил овие штети и зошто кога знаеме дека тука не биле припадниците на ОНА. Што ќе превземе Министерството за внатрешни работи и Владата на Република Македонија за направените штети и истовремено барам одговор кој ги направил истите.

Одговорот го барам во писмена форма.

Второто прашање се однесува, исто така, за Министерството за внатрешни работи. Овие денови добиваме доста информации за направените штети во многу приватни објекти, во конкретниот случај кај бензинската пумпа "Седум браќа" над Сарај на патот Скопје-Тетово. Таму е се уништено, земена е целата роба внатре, масло за моторни возила, друга стока, врати, кујна, нафтени деривати и друго. Истовремено, од самиот објект на "Седум браќа" се избркани лицата сопственици кои работат таму. Тие еден месец не биле во состојба да го посетат својот објект.

Тоа се однесува исто така и за бензинската пумпа над Кадрим Бајрам Добос од с. Арачиново во периодот од 8.06. до 29.07. 2001, кога се направени сите штети.

Ме интересира како мисли Министерството за внатрешни работи да ги надокнади овие штети, заради тоа што тука биле присутни полицајците од МВР. За ваквите информации денес потврдува и изјавата на граѓанинот - Македонец кој бил човек и навистина има што да каже во денешниот весник "Факти".

**АСЛАН СЕЛМАНИ**: (Продолжение)

Барам одговор по писмен пат.

Трето прашање: во кумановското подрачје се знае дека доста вработени кои биле блокирани во кризното подрачје денес се избркани од работа, а овие денови исто така му е сменета работата на еден висок функционер во царинарницата. Ме интересира како Владата на Република Македонија е ставот на Владата во однос на наведените личности.

Последниов одговор може да биде даден и по писмен пат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали Владата ги разбра прашањата и ќе одговори по писмен пат на сите три прашања?

Констатирам дека Владата го прифати ова.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Освен за третото прашање, имено каков е ставот на Владата за луѓето кои биле блокирани во кризните подрачја односно во

липковскиот простор, луѓето се избркани од работа, а пред 2 - 3 дена му е променета работата и на висок функционер во Царинарницата односно на Шабан Зенели.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор министерот за труд и социјална политика Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Министерот за труд и социјална политика, согледувајќи ги сите проблеми кои настанаа во однос на редовно јавување на работа и остварување на други права на граѓаните од кризните подрачја, поднесе одредена информација до Владата, а Владата донесе одредени заклучоци. Имено, сите граѓани од кризните подрачја кои беа спречувани да се јавуваат редовно на работа работодавците тоа треба да го имаат предвид и не треба да донесуваат решенија за престанок на нивниот работен однос.

Истото се однесува и на лицата кои остваруваат право на надомест при невработеност, поради нивното нередовно пријавување во Бироата за вработување, тоа право да не им се укине туку ретроактивно да им се исплати, а истото се однесува и на корисниците на социјална помош.

За надлежен орган за спроведување на овие заклучоци е определена Дирекцијата за трудова инспекција при Министерството за труд и социјална политика и веројатно овие случаи се нокирани, па трудовата инспекција ќе интервенира и сите недоразбирања ќе треба да се разрешат и на овие лица да им се овозможи нормално да се пријават на работа, да продолжат да работат, а другите да ги користат другите социјални права.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во иднина ќе ве молам, колеги пратеници, онаму каде што се работи за примена на право да не бидат поставувани прашања од политички карактер.

Има збор пратеникот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата, барам информација од Владата на Република Македонија односно од Координативното тело за справување со кризи во врска со тоа што презема и планира за враќање на раселените лица и бегалци од селата Танушевци, Брест и Малино. Дали Координативното телот планира да организира конвој овие жители да можат да ги посетат своите домови и кога планира целосно враќање на овие жители во нивните домиви.

Исто така, што станува со Комисијата за утврдување на штетите од воените дејствија на овој регион. Значи, се работи за планинските села Танушевци, Брест и Малино.

Оваа информација би сакал да ја добијам во писмена форма од Координативното тело за справување со кризи.

Второ прашање: до каде е со формирање на комисии за утврдување на штетите и нивно финансиско обештетување на изгорените и уништените куќи односно изгорените и уништените деловни простории во Битола, Прилеп и некои населби во Скопје. Овие места не се зафатени од воени дејствија, туку од тие одмазнички односи на некои групи на луѓе.

Исто така, и на ова прашање би сакал Владата да ми достави одговор во писмена форма, до каде е со формирање на овие комисии.

Би сакал да барам информација исто така од Владата на Република Македонија за киднапираните лица поради фактот што ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ве молам, одлуката е најмногу три прашања да се постават, сега барате информација, но прашање е прашање, останете во рамките на овластувањето што го донесовме.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Поради фактот што досега никој не знае за судбината на лицата кои се киднапирани. Според писмените изјави на очевидците, се работи за лица приведени од страна на полицијата. Нивните семејства сеуште немаат никаква информација, а според законот и Уставот е должна да се информира по службен пат од страна на органот од кој е спроведена постапката. Мислам дека полицијата или треба да покрене судска разврска на случаите, или треба веднаш да ги ослободи овие лица што се приведени. Се работи за неколку лица, почнувајќи од Скопје, за Ибраим Велиу, неговиот бдатучед Зекрија Велиу, Ружди Велиу од Кичево, од Охрид Султан Мемети и уште неколку други лица.

Апелирам до Министерството за внатрешни работи овие луѓе или да ги ослободи веднаш или доколку има докази дека се вмешани во некои незаконски дејства да покрене обвинение против нив, бидејќи тие се приведени веќе неколку месеци и се држат затворени спротивно на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали Владата презема обврска одговорот да го даде во писмена форма:

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Да

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека Владата зема обврска да одговори. Имаме уште двајца пратеници кои сакаат да постават пратенички прашања од 19 -ти април, а тоа се Ѓулистана Марковска и Сејфедин Харуни. Со тоа го завршуваме кругот на прашања од 19-ти април.

Повелеге госпоѓо Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван г. потпретседателе, дами и господа пратеници, имам прашање до министерот за здравство, министерот Милошевски и едно прашање на кое што барам усмен одговор на оваа седница.

Господине министер, при изборот за министер за здравство од страна на ова Собреание дадовте заклетва дека ќе го почитувате Уставот и

законите на Република Македонија. На 4 септември 2001 година добив по ваша правна поука, добивте решение од страна на Второстепената комисија на Владата чиј што член сте и Вие, во кое што едно ваше решение, тоа е решението за избор на директор на Клинички центар, ви е поништено, а со оглед дека ова решение е и конечно, ве прашувам:

Дали имате намера, истото има важност од 4 септември, дали имате намера да го почитувате Уставот и законите на Република Македонија, односно ова решение да го спроведете, со што тоа ќе го докажете, или пак имате намера да го дерогирате правниот систем на Република Македонија, со тоа што ќе се мајтапите со Владата на Република Македонија во која што вие сте член.

Усмено барам договор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прашањето е упатено до министерот за здравство.

Повелете господине министер.

Нека се подготви г. Черкезов и нека ми прости, затоа што овој список што го имам кај мене е пречукуван и него навистина го немаше, меѓутоа бил на прво место.

**ПЕТАР МИЛОШЕВСКИ:**

Кога влегов во овој Парламент, точно е дека кажав дека ќе работам по законот и Уставот на оваа држава и во интерес на сите граѓани на Република Македонија. Точно е и дека работам по законот и Уставот на оваа држава и го почитувам и законот и Уставот на Република Македонија.

Прашањето беше поставено од госпоѓата Ѓулистана Марковска. Јас веднаш ќе ја прашам неа зошто на 31.06. кога се оддржа првиот Управен одбор, кога е назначен г. Томе Стефановски, госпоѓата Ѓулистана не реагираше. Зашто на истиот ден се назначени и заменици, овластен е потписник и регистриран е г. Стефановски на истиот ден. Тогаш госпоѓата Ѓулистана не реагираше.

Госпоѓата Ѓулистана Марковска реагира во моментот откако и е кажано дека нејзиниот маж ќе биде сменет и истата госпоѓа се согласила дека ќе се согласи ако се работи во принцип, ако бидат сменети сите асистенти, таа го прифатила тоа.

Сега кога сме кај законот, госпоѓо Ѓулистана Марковска, законско овластување на министерот за здравство е да именува и да разрешува директори на јавни здравствени организации, е содржано во членот 137 став 2 од Законот за здравствена заштита на "Службен весник на Република Македонија" број 38/91, број 46/93 и 55/95. Врз основа на овој член, министерот за здравство, односно јас, директор на Јавна здравствена установа или организација го именува или разрешува врз основа на предлог на Здравствен совет.

Според тоа, се работи за дискреционо право на министерот, кој е одговорен за состојбата во делокругот на работата на министерството со кое раководи, да именува и разрешува директори на јавни здравствени организации.

Лицето именувано на функцијата директор е одговорно за вршењето на функцијата, а со тоа поврзано и остварувањето на дејноста на здравствената организација на министерот. Се работи за дејност што е од јавен интерес. Работите и задачите што ги извршува директорот на Јавната установа, по својата природа, се поврзани со непосредните извршувања на работите и насоките што ги дава ресорното министерство, а со цел за извршување на дејноста на установата.

Според тоа, госпоѓо Ѓулистано Марковска, се работи за функција, а не за остварување права од работен однос, бидејќи именувањето и разрешувањето го врши орган утврден со закон надвор од работодавецот. Улогата на Управниот одбор, во постапка за именување и разрешување директори се сведува на предлог или мислење кое од страна на министерот може да биде прифатено, а и не мора.

Со оглед на законското овластување не може во постапка, повторувам во постапка по приговор водена според закон за општа управна постапка одлуката на министерот да биде поништена и Второстепената комисија меродавно да одлучува за тоа кој ќе биде директор на Јавна здравствена установа. Комисијата може да цени дали е спроведена законски утврдената постапка за именување и разрешување на директорот и доколку е повредена да го врати предметот на повторно разгледување односно одлучување, а не да одлучува за тоа кое лице ќе биде именувано или разрешено.

Според тоа, овластувањето на министерот не произлегува од Законот за работни односи, тука грешите, ниту од Законот за општа управна постапка, исто така тука грешите, туку исклучиво од Законот за здравствена заштите. Прочитајте го тоа.

Според тоа, не се работи за повреда на права од работен однос, туку во прашање е вршење на јавна функција. Тоа е мојот одговор на вашето прашање госпоѓо Ѓулистана.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали пратеникот Марковска е задоволна од одговорот?

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине министре, ќе ве потсетам, во ова Собрание и воопшто во целокупната демократска процедура, прашање упатуваат пратениците односно избраниците на народот, а на истите одговараат министрите. Со оглед на тоа што вие ми поставивте прашање, прво ќе ви кажам дека тоа не е ваше демократско право, заради тоа што вие одговарате пред оние кои што вас ве поставија од страна на овој Парламент. Меѓутоа, сепак ќе ви одговорам, бидејќи прашањето го поставивте многу провокативно, повикувајќи се на нешто што воопшто не беше предмет ниту на моја опсервација, ниту предмет на ова прашање.

Според тоа, ќе заклучам на прашањата не одговараат пратеници, одговараат министри.

А во врска со тоа што рековте зошто на

31.06.2001 година Управниот одбор, на кој што вие се повикувавте, а во чие својство не ви го поставив прашањето, туку како пратеник од ова Собрание зошто не реагирал, не реагирал заради тоа што жалбата која што вие ја нагласивте правната поука, разрешениот доцент доктор Владо Јаневски има право да се жали до Комисијата, Второстепената комисија на Владата, тоа е ваша правна поука ќе потсетам, не беше навестена од страна на ново именуваниот директор во Клиниката во Јавната здравствена установа Клинички центар, тоа е д-р Томе Стефановски, бидејќи истата беше сокриена во фиока, што значи дека дури и законскиот рок да се чека, а тоа е 15 дена, пред претходно да се утврди дали имаме валиден директор или не, во случајот не е почитувана затоа што прво е направена класична злоупотреба од страна на ново именуваниот директор, не е навестено дека има жалба, а второ и многу поважно, извршен е класичен притисок врз сите членови практично вашиот потпис кој воопшто не беше исушен откако го издадовте решението, требаше веднаш да се легитимира, со тоа што ќе се назначи д-р Томе Стефановски за директор.

Во врска со инсинуации за мојот сопруг, тој сопруг ми е дома, во случајот тој е еден од низата директори кои ги разрешивте како што рековте во едно ваше интервју заради политички пресметки, кои што во овој момент се вршат, очигледно како член на Владта на широката коалиција избран токму со гласовите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на останатите пратеници, вие значи вршите политички реваншизам. Тоа практично го навестивте со тоа што рековте дека вршите политички реваншизам во Влада на широко национално единство. Што значи тоа, ќе оценат и сами и македонската јавност и пратениците. Според тоа, воопшто немам намера да зборувам за мојот сопруг, на кој што исклучиво и вие и сите ваши електронски и добар дел од нив платени медиуми алудираат, верувајќи дека или јас ќе се разведам од сопругот или пак битката ќе ја сведам на емотивна, а не на правда. Ниту едното ниту другото нема да ви успее.

Второ, се повикавте на вашето дискреционо право да именувате и разрешувате директори. Такво дискреционо право кое што рековте дека е во член 137, јас ќе ве потсетам дека тоа е член 143 од постоечкиот Закон за здравство, не постои, заради тоа што вие во овој случај се впуштате во оценка на едно легитимно решение, донесено од страна на Владата. Дали таа комисија работела или не работела легитимно ниту може да биде предмет на ваша проценка, на преоценка на ова Собрание или на било кој друг. Решението е конечно и извршно. Единствено ве прашав дали вие имате право истото да го спроведете. Ако го спроведете, вие ја почитувате правната држава, ако не, тогаш значи дека се ставате над правдата, над законот, над правниот систем, односно го дерогирате целокупниот правен систем на оваа држава и постапувате по максимата "Кадија те тужи, кадија те суди".

Господине потпретседателе, со оглед на тоа што добив усмен одговор, барам министерот сето она што има намера да ми го одговори да ми го даде во писмена форма.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Господа, реков дека правните прашања нема да ги разрешуваме овде и мислам дека тука треба да престанеме.

Се договоривме да го исцрпиме списокот на дискутанти од 19-ти април. Јас се извинувам на Черкезов, реков, но сега има збор господинот Сејфедин Харуни. Реков дека со тие дискутанти ќе ја затвориме листата со претпладневните дискутанти.

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам три прашања. Првото прашање е од Министерството за внатрешни работи.

Од почетокот на кризата во Република Македонија колку лица се приведени од страна на Министерството за внатрешни работи, против колку од нив се поднесени кривични пријави, колку од нив се наоѓаат во притвор е се товарат за недозволено поседување на оружје и распрскувачки материјал или наводно извршување терористички дела. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е: колку раселени лица има од почетокот на кризата во Република Македонија, колку од нив се раселени во Република Македонија, а колку од нив се надвор од Република Македонија и која е нивната етничка припадност.

Третото прашање гласи: колку куќи, училишта, верски објекти, амбуланти и друго се оштетени, колку се разрушени до темел од почетокот на кризата, која е етничката структура на оштетените и разурнати семејни објекти.

Одговорот го барам усмено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека членовите на Владата ги слушнаа трите прашања и молам, по избор, кој е овластен, дали тоа ќе биде министерот за одбрана или некој друг или координаторот на Телото господинот Филиповски.

Ве молам господине Харуни да причекате додека членовите на Владата да се разберат кој ќе го даде одговорот.

**ВЛАДО БУЧКОВСКИ:**

Ако претеникот Харуни прифати да доставиме писмена информација, бидејќи ресорниот министер не е тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на сложеноста на прашањето, министерот се обврзува и бара одобрување тоа да биде во писмена форма.

Дали господинте Харуни тоа ќе го прифатите?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Го прифаќам предлогот заради тоа што соодветните министри не се тука и нема кој соодветен одговор да ми даде. Затоа трите прашања ги барам писмено да ми бидат

одговорени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И на крајот господинот Миланчо Черкезов, со тоа се затвора списокот од 19 април.

Повелете господине Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Моето пратеничко прашање е упатено до господинот претседател на Собранието Стојан Андов.

Имено, веќе подолго време од месец јануари повеќе пратенички групи писмено бараа да се расправа на итна седница на Собранието за политичко-безбедносната и воената состојба. Една група на пратеници во месец август од 7 до 10 со радикални мерки се обиде да издејствува одржување на таква седница, господинот Андов на 9- август пред сите медиуми во Република Македонија официјално изјави дека таква седница ќе биде свикана по потпишувањето на Рамковниот договор односно 15 и 16 август. Еве до денеска помина повеќе од месец дена таква седница не е свикана, бидејќи претседателот господинот Стојан Андов не е присутен, барам писмено да одговори кои се причините за одложување на таква седница и кога планира да ја свика истата.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Черкезов пратеничките прашања се доставуваат до органите на управата, односно до Владата. Претседателот на Собранието не е должен да дава одговор на пратенички прашања.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Господине потпретседателе, пратеникот има право до секој функционер во Република Македонија да постави пратеничко прашање. Господинот Андов е функционер и во тој контекст го поднесувам пратеникото прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, ќе го пренесеме, кога инсистирате.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Барам писмено да ми се одговори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, благодарам.

Со ова го исцрпевме списокот од 19 април.

Ве молам, не направив консултација со претседателот, причекајте минута-две да видам доколку ќе биде паузата.

Колеги пратеници, во 15,00 часот заседава Советот за безбедност, па ќе дадеме пауза од еден час, а ќе продолжиме во 16,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот.

(По паузата).

Со седницата продолжи да раководи господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

(Седницата продолжи со работа во 16,25 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на 19-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Господинот Положани бара збор.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, слушнавме пред малку доста наши колеги со прашања кои сигурно беа важни, но поради потребата да разјасниме некои ситуации во однос на активностите на Владата, јас мислам дека таа точка остана недообјаснета како и кога би продолжила затоа што јас имам разбирање за сите прашања, но има и други актуелности што се вредни да се слушне мислењето на Владата како што е на пример опсадата на некои села во струшко од страна на полициски пунктови и неможност на учениците да ја следат наставата поради таквите прилики.

(Реагирање од страна на пратениците).

Јас сакав тоа прашање да го поставам и сакам да знам кога ќе продолжиме со таа точка. Мислам дека треба разјаснување затоа што во тој дел на Струга нема никаква активност која би била аргумент за една таква активност.Затоа сакам да разјаснување по оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака, со пратеничките прашања завршивме. Секој кој има итно некое прашање писмено може да го достави до службите, па ќе го дадеме до Владата и тоа има полна итност, да знаете, и така се работи не само на седница.

Сега одиме понатаму.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници од кои 54 за, 6 против и 9 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Преминуваме на 20-та точка Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на наградата за Годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласале од кои 56 за, воздржано гласале 9 и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на наградата за Годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Минуваме на 1-та точка од дневниот ред Предлог на декларација за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон-САД од 11 септември 2001 година.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, Бидејќи се работи за една декларација во Собранието, мислам дека секогаш практика била за вакви декларации прво да се усогласат ставовите на координаторите на пратеничките групи па потоа ќе излеземе со еден заеднички текст и заедно ќе ја изгласаме како една искажана политичка волја од ова Собрание, да сочувствуваме со трагедијата што се случи во САД.

Инаку, вака како што е предложен текстот, според нас е неприфатлив, бидејќи се релативизира таа трагедија и во некои делови од текстот се ставени некои наши потреби од таа трагедија и сметам дека како таква ќе биде несериозна, затоа барам максимум половина час пауза и координаторите на пратеничките групи да се сретнеме и да продискутираме за текстот на предложената декларација.

Инаку, вака се ревитализира оваа трагедија и се сака да се наметнат нашите балкански секојдневни работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час.

(Негодување од страна на пратениците).

Не може така, бара пауза и кажа зошто бара, има право да бара.

Молам пауза од 30 минути.

(Седницата прекина во 16,30 часот).

Продолжуваме во 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 17,40 часот).

Имаме вкупно 77 пратеници, според тоа можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Предлогот на декларацијата за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон-САД од 11 септември 2001 година.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Има збор господин Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, како што е процедурата, јас побарав пауза, па сега ќе образложам што направивме за таа пауза. Сепак според мене во ова хаоточно Собрание и недобро подготвено, бидејќи се работи за една декларација каде, според мене, треба да се има консензус и треба да се работи ако треба три-четири-пет часа да се направи консензус, бидејќи сакаме да осудиме еден терористички чин кој е направен таму.

Јас ја побарав таа пауза со цел да се соберат координаторите на пратеничките групи и барем да дискутираме, да не се плашиме од дискусија меѓу нас. Мислам дека требаше вие да ги повикате координаторите затоа што јас во какво својство ќе ги соберам координаторите, како ќе се собереме и како ќе дискутираме, тоа го очекував од вас, но добро, ќе продолжиме вака процедурално немам некоја забелека.

Бидејќи немавме можност заеднички да се собереме и да ја анализираме таа декларација која, ако сакате.можете да видите дека не е потпишана од пратениците албанци и не сакаме ова Собрание да го поделиме врз етничка основа затоа што со многу малку дискусија ќе можеме да издвоиме еден текст прифатлив за сите нас.

Значи пратеничката група на ДПА и пратеничката група на ПДП, ако можам во нивно име да зборувам, поднесовме еден амандман кој во меѓувреме ќе се подели до сите пратеници и апелираме да се прифати амандманот и ако тој амандман се прифати за нас ќе биде прифатлива декларацијата, а ако не се прифати амандманот ние ќе гласаме воздржано, затоа што сметаме дека текстот како што е понуден вака ја релативизира таа трагедија и се настојува да се профитира од таква ситуација, според нас.

Затоа ги молиме пратениците да го видат амандманот и во амандманската расправа да не поддржат заеднички да ја изгласаме декларацијата со која ќе изразиме сочувство во оваа трагедија и да ги осудиме тие терористички напади.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве ме известуваат дека за 15 минути ќе биде готов амандманот да се подели, сега ќе прекинеме (реакција од страна на пратениците) ве молам, чекајте малку. Сега кога имаме по што да се состанеме значи по амандманот, а не по декларацијата, декларацијата никој не ја оспорувал зошто да се состануваме по неа, можеме координаторите нека дојдат овде за овие 15 минути, а амандманот ќе го соопшти

господинто Замир Дика. Господинот Краљевски има збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, ставот на колегата Замир Дика е многу јасен. Тој рече дека ќе се подели амандманот и ако е прифатлив ќе гласаат за, но тоа за ќе се покаже низ чинот на гласање. Нема што да се усогласуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е негово, но 15 минути имаме време, можеме да поседине, никој не ни пречи да направиме напор да го погледаме, зошто да не. И така ќе седиме и ќе чекаме. Координаторите нека излезат, а другите нека си седат во салата.

(Пауза од 15 минути).

Седницата продолжи во 17,55 часот.

Ве молам притиснете на едно од копчињата да видиме колку пратеници се присутни во салата.

Вкупно има 73 пратеници, продолжуваме по Предлогот на декларацијата за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон-САД од 11 септември 2001 година.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Продолжуваме со општиот претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, бидејќи на координацијата на координаторите на пратеничките групи во Парламентот дефинитивно не беа усогласени некои работи, барам претседателот на Собранието да ја прочита декларацијата во целост за да се знае и јавноста да знае каде беа спорните точки и евентуално за што ние треба во овој момент да се изјасниме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве го текстот на декларацијата:

Декларација за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашинготн - САД од 11 септември 2001 година.

1. Собранието најостро ги осудува терористичките акции и далбоко и искрено сочувствува со болката на семејствата на огромниот број загинати граѓани на САД и други земји, жртви на грозморните терористички напади извршени врз зградите на Светскито трговски центар во Њујорк и врз зградата на Пентагон во Вашингтон.

2. Собранието свесно за подемот на тероризмот на секаде во светот како и за последиците и недолжните жртви што тој ги предизвикува ја поддржува иницијативата на Претседателот на САД Џорџ Буш за создавање меѓународна коалиција за борба против тероризмот оценувајќи дека тероризмот, во овој момент, претставува најголемо зло за човештвото чии последици длабоко и трагично ги почувствува и Република Македонија, Собранието изразува готовност за соработка и приклучување на Република Македонија во активностите за борба против тероризмот.

3. Собранието ја поддржува иницијативата на Советот забезбедност на Република Македонија за склучување регионален антитерористички пакт и укажува на потребата Претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија да ги преземат сите потребни активности за успешна реализација на оваа иницијатива.

4. Оваа декларација ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Тоа е текстот на декларацијата што е сега на претрес.

Господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам господине претседателе, што туку добивме известување дека вие и координаторите на пратеничките групи не успеавте да се договорите околу содржината на декларацијата и тука се поставува едно хипотетично прашање имено, зошто претседателот на Собранието не ги собра координаторите на време да се одоговри околу содржина на декларацијата, туку едноставно дозволи една варијанта која повеќе служи за дневно политички цели на една политичка партија или повеќе политички партии или групации на наши институции, целта не е реална да се осуди еден класичен терористички акт, туку напротив едноставно да се профитира политички и нешто на мала врата да се воведе една нова терминологија која не е својствена на ова Собрание.

Имено, постои еден акт како тие групи ги нарекуваат во Собранието. Мислам ако се сакаше реално да се осуди таков злочин - терористички акт требаше многу координирано и одговорно да се направи првенствено од ваша страна, меѓутоа, тоа не се направи.

Сега имаме еден акт како предлог кој има наслов, се осудуваат терористичките акции во САД, а содржината на тој документ, дел од содржината сака да воведе терминологија која се ондеусва на внатрешно-политичките состојби во нашата држава.

Имено, тие групи кои според одлуката на Собранието се нарекуваат екстремни вооружени групи, се сака во име на последиците на тероризмот да се нарекуваат така. Затоа јас не би сакал да бидам дел од таа група која и ова тешка трегедија на САД да ја експлоатира за дневно-политички работи, искрено немам можност да гласам за таква декларација, а повикувам да се координира во врска со текстот, имено веќе постои амандман така што едноставно со консензус да се прифати таков текст, што е целта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој друг бара збор?

Добро, едно појаснување, кога го добив овој текст и го прочитав ми изгледаше сосема нормален и сосема прифатлив за едно највисоко тело на Република Македонија. Затоа кога видов кој се потпишал немаше потреба ниту да свикувам

координација ниту ништо.

Првата разлика кога се јави, кога ме известија дека има-ме амандман и кога амандманот го имаме закажав овде средба која не даде резултат и сега треба да продолжиме.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес *ио* текстот на Предлогот на декларацијата.

Пратениците Насер Зибери и Замир Дика поднесоа амандман на точка 2 за бришење на став 2 и за бришење на точка 3.

Пратениците Насер Зибери и Замир Дика поднесоа амандмани на точка 2 за менување на став 2.

Истовремено пратениците Насер Зибери и Замир Дика го пов-лекоа амандманот на точка 2 за бришење на став 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амамданот на точка 2 за менување на став 2 поднесен од пратениците Насер Зибери и Замир Дика.

Молам кој бара збор?

Има збор Г.Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-претседателе, дами и господа пратеници,

Чувсвувам за потреба накратко да ја изнесам идејата на пратеничките групи на ПДП и ДПА околу поднесувањето на амандманите и последниот амандман за да на јавноста и стане јасно за што се работи. кои се нашите мотиви и конечно кој е нашиот став ви за ви декларацијата

Најпрво дозволетеми да го изнесам впечатокот на пратеницит албанци дека Г. Стојан Андов сепак не се залагаше до крај за да биде искоординирана оваа активност околу усогласување на овие ставови. Во иднина би требало претседателот на Собранието кој по Устав и по Деловник е должен да превземе соодветни активности околу координација на активностите во иднина да не ни се случуваат вакви примери кога за вакви важни документи расправа Собранието само заради фактот што не сме на време известени и координирани да неможеме да се усогласиме за да се доведеме во ваква ситуација, една или две или повеќе пратенички групи бидат не по нивна желба ставени во ситуација да не поддржуваат некоја иницијатива, или изразување на став по однос на некое прашање а за кое навистина имаме потполна согласнот и кое го поддржуваме.

Во таа смисла сакам да го изнесам ставот дека апсолутно пратеничките групи на ПДП и ДПА се за осуда на терористичките напади во Њујорг и Вашингтон кои се случија на 11 септември 2001 година. Во прилог на тоа за да се постигне ваков став и ваква согалсност оди и амандманот кој го поднесуваме , а со кој бараме точката 2 од ставот 2 да се промени и точката 3 да се избрише за да може текстот на Декларацијата да соодвествува со текстот на насловот на Делкларацијата.

Имено, нашата идеја е да ги осудиме терористичките напади во САД. Некој намерно при составување на овој текст , а сега испаѓа дека нити претседателот на Парламентот незнае кој го направил тоа, кој го предложил, преку овој акт ги инволвира нашите дневни политички потреби и случуцањата во РМ, што сметам дека не е идеата на ова Собрание тоа да го направи, туку да го осуди терористичкот напад во САД.

Ако тоа е така тогаш со инволвирање на нашит проблеми, внатрешни, во спрега со настаните во САД ние само ги омаловажуваме и ги фрламе под сенка тие настани за кои се надеваме дека имаме заеднички став и околу тоа прашање не се разликуваме.

Дотолку повеќе што точката 3 на интегралниот текст односнс текстот кој е предложен, како што е предложен се повикува на некои регионални активности и ангажман на Советот за безбедност на РМ,на Владата и други органи со кои апсолутно ние немаме ништо заедничко со тоа. Најпрво ние не ја знаеме содржината на заклучоците на Советот за безбедност на РМ за да можеме како пратеници мериторно да изградиме став за тоа, а се бара поддршка на Собранието за такви заклучоци.

Второ вие знаете дека тој Совет за безбедност не ретко без свој комплетен состав заседава и често пати надвор од одредбите на Уставот, неговата содржина се преточува во некој кворум кој ниту постои по Уставот ниту има надлежности на одлучува за прашања кои се бо надлежност на Советот за безбедност.

Конечно, неможеме ние во ниеден случај контекстот на терористичкиот напад кој се случи во САД и кој има своја тежина и по импликации светски размери да го подвргнеме под настани од локален карактер или од регионален за кој би се ангажирале соодветните органи.

Се разбира, по Уставот и по законите Советот за безбедност иако е советодавно тело на ретседателот на државата и Владата и надлежните ресорни министерства по Устав и закон се должни да ги следат овие состојби и преземаат соодветни мерки. Тука нема никаква потреба од наше укажување за тие органи за тие да си ја вршат својата по устав и закон надлежност Затоа сметам дека не е природно сакајќи низ ваков акт, со ваков наслов, кој е сосема бонафидес да се обидуваме да создаваме таква содржина за да пратениците албанци се прикажуваат како неподржувачи на осудите на терористичките напади во САД. Заота ги отфрламе со индигнација сите такви намери за да тоа се постигне.

Дотолку повеќе мислам дека Македонската и пошироката јавност го знае сосема перфектно ставот на политичките партии на албанците ви за ви ова прашање.

Конечно, попусто ќе се надева некој пратнеик да се докаже како поголем борец на тероризмот и настаните во САД одколку некои други патеници тука, кога знаеме дека дента кога се случија овие настани некои наши колеги тука во бифето на Парламентот наздравуваа заради тоа

што се случува таму. Некои други лица, дури и од политиката инволвирани играа жикино коло околу Америчката амбасада. Ве молам вакви ситуации кога се сака низ ваква содржина да се префрли одговорност на друг, кое апсолутно нема ништо заедничко со тоа, мислам дека се многу депласирани и прозирни.

Од тие причини уште еднаш го изнесувам нашиот став дека ги поддржуваме сите осуди кои одат во прилог на насловот на Декларацијата, но не ги прифаќаме да ни се импутираат прашања кои не се врзани за ваква работа и кои немаат ништо заедничко со реалниот став на политичките партии кон ова прашање, туку се една хипокризија која се сака да се покрие низ еден ваков текст. Затоа сакам да го прочитам амандманот, за да може јавноста како што бараше еден пратнеик да се чита текстот на Декларацијата за да види за што ние всушност се залагаме.

Тоа е точката 3 после ставот 2 , нашиот предлог би изгледал вака.

Прво, Собранието најостро ги осудува терористичките акти. Длабоко и искрено сочувствува со болките на семејствата на огромниот број на загинати граѓани на САД и други земји, жртви на грозоморните терористички напади извршени врз зградите на Светскиот трговски центар во Њујорк и врз зградата на Пентагон во Вашинготн.

Второ, Собранието свесно за подемот на тероризмот на секаде во светот како и за последиците и недолжните жртви што тој ги предизвикува ја поддржува иницијативата на претседателот на САД Џорџ Буш за создавање на меѓународна коалиција за борба против тероризмот.

Трето, оценувајќи дека тероризмот во овој момент претставува најголемо зло на човештвото Собранието на РМ изразува готовнос за соработка и приклучување на РМ во активностите за борба против тероризмот.

Оваа декларација ќе се објави во Службен вененик на РМ, што сметам дека е апсолутно коректен текст и ги апаолвира намерите кои сакаме да ги изразиме низ еден ваков акт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Љупчо Анушев

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Г. Претседателе, колеги

Јас сум длабоко изненаден од ова што ни се случува по однос на Декларацијата, затоа што мислам дека со потпишување на Рамковниот договор поддржан од широката коалиција, од сите пратенички групи барем ќе се договорат за терминологијата што се употребуба во Македонија и што се случува во Македонија,

Очигледно е дека тоа не е направено и сега настанува проблем.За некој ова што се случува во Македонија е тероризам, за неко; не. Предлогот шот го дадоа двете пратенички групи од албанскиот блок тоа го покажува и молкот на другите пратенички групи што учествуваа во изготвување на Рамковниот договор. Се брише дека во Македонија имало тероризам и се предлага да се брише дека тоа е пречка да се донесе една ваква Декларација. Нормално е во било која Декларација да се поврзува и тоа што се случува во сопствената земја. Ако е тероризам овде и ако сите се согласуваме дека е тероризам, и претседателот на државата тоа го кажа и многу политичари од надвор, јас не гледам проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас сум изненаден навистина од чуствителноста на некои пратеници од тоа како дочекуваат една ваква општа декларација која го осудува општо тероризмот во светот и тероризмот на Балканот и во нашата средина, како може да створи кај некого толку отпор. Јас во некои претходни дискусии препознав како некој да се препознава во овие состојби на тероризам, инволвираност во него во регионот во кој живееме.

Навистина декларацијата која ја имаме пред нас работи со општи термини. Тероризмот во САД како актуелен акт на тероризам и најголем во веков, значи најголемата случка.

Вториот момент со кој оперира оваа декларација - тероризмот во светот како општо зло и начинот на борба против тероризмот што е вон дискусија и треба да се поддржи.

Трет дискутабилен момент за пратеничката група на ПДП е тероризмот во нашата средина.

Зарем вие сте се исплашиле да го препознаеме тероризмот во нашата средина ако тој постои и зарем ќе се плашеме да кажеме дека нашата средина е склона на тероризам, има тероризам и дека нашата средина треба со сите сили да се придружи на светското друштво во борба против тероризмот. Мене ме зачудува зошто толу осетливост кога се зборува за тероризмот на Балканот. Кој е проблемот на некои колеги пратеници кога зборуваме за тероризмот за фрлаат толку индигнација кон дијагностиката на постоење на тероризам на Балканот и борбата против него. Во оваа Декларација тој е воопштен како тероризам на регионот, така да воопшто не е , лош сомнеж е дека РМ ќе ги стави сите свои расположливи сили и ќе му се придружи на светот и на прогресивните сили кои сметаат дека треба да се борат против тероризмот во светот, но и во овој регион.

Г- пратеници вие сте свесни дека во овој регион неколку пати се спомнуваа комбинации дека овде се паришта каде што има контакти со големи терористи од светски размери. Во нашиот печат неколку пати излегоа написи дека луѓе блиски до најголемиот терорист и непријател број еден на САД Бил Баден имал релации со некои луѓе на Балканот. Зарем ние пред тоа треба да замижеме. Зарем не побара од една земја на Балканот соработка околу размислувањето за тероризмот и за можни-те патишта на тероризмот и врските на тие големи фундаменталисти и терористи со Балканот. Зарем ние пред тоа треба да замижеме . Зошто толку осетливост кога се зборува за тероризмот. Зарем не е тероризам врзување на луѓе за стол со динамит и нивно

дигање во воздух. Зарем се плаши некој да го каже тоа.

Г-да во оваа Декларација се осудува тероризмот од сите етнички групи, од сите религиозни основи од сите бои . Незнам зошто толку се плашиме од тоа. Ако толку сме осетливи на тој тероризам како појава кажете. Можеби ние не треба да зборуваме за тероризмот на балканот, меѓутоа и Балканот како и Америка, како и секој дел на светот е склон да се појави тероризмот, тероризмот се појави на Балканот, а сите оние што прво не се спремни во својата средина да го препознаат и да се борат против него не се способни ни за пголеми дела, ниту да преговараат и разговараат со другите етнички групи и средини. Јас тврдам дека има Македонците не треба да дозволат да има тероризам во нивните редови и треба да се борат против тероризмот во Македонските редови. Меѓутоа, немојте да се плашиме до зборот тероризам во Македонија. Па, го има. Страдаат цивили, се убиваат цивили и ние сакаме да мижиме пред тоа. Навистина неможам да разберам како може Советот за безбедност, кој е уставна категорија да се нарекува неко тело кое нема доволно политичка тежина. Па, г-да ние овде зборуваме два месеци за едно тело кое е наречено преговори на четири лидери, кое го нема во ниеден пишан документ во РМ и спориме за него и сакаме да го усвоиме. Значи, Рамковниот договор има поголема тежина како политичко тело одколу Советот за безбедност на РМ. Немојте такви работи Тоа е нонсенс.

Јас сметам дека по ова прашање не смееме да се поделиме. Сите треба да застаниме во осудата на тероризмот. Сметаме дека тоа е акција, тренд, актуелизирање со САД кој се шири во целиот свет и ова е прилика кога треба и сите ние и албанските партии да искористат да го дијагностицираат и да го отфлат тероризмот. Ова е приликата кога терба да го отфрлите г-да тероризмот. Јас сметам дека легитимните претставници на албанците во овој Парламент не се исто што и некои луѓе кои прават тероризам , а тоа го прават во РМ. Мораме да си кажеме дела некои го прават тероризмот во РМ и тоа постојано , силно и врз невини жртви. ..

(Насер Зибери од место - и некои министри го прават)

Било кои да се ајде ние ќе ги осудиме тие министри, кои прават тероризам и за кои има докази, меѓутоа и вие да бидете спремни да не се плашите од зборот тероризам во РМ кога ќе се каже. Ова е уопштен тероризам , а инаку заеднички албански и македонски партии да го осудиме тероризмот во нашиот регион и да прогласиме војна против него. Тоа е аспектот кој го гледам на оваа Декларација, позитиниот чесниот и довнационалниот. Овде не се работи за национална декларација. Овде се работи за една длабоко хумана декларација која знае да сочувствува со прогресивните сили на светот и со разумот на светот за она што се случи во САД и која знае и ќе знае да сочувствува со тие луѓе, меѓутоа и да ја препознае во својата средина тенденцијата за тероризам, појавата на тероризам и ќе најде сили да се бори во рамките на сите европски процеси во борба против тероризмот.

Вака, јас добив чувство дека немаме спремност за видување на тероризмот во нашата средина, што е псоебна опасност и посебен нов момент за раздор повторно на етничка основа на РМ. Дајте да ја прифатиме оваа Декларација, која е многу уопштена, чесна и без етикетирање на ниедна етничка група, туку со етикетирање на најголемото зло на човештвото на почетокот на XXI век - тероризмот. А кога ќе го осудиме овде од Собранието силно, кога ќе го испратиме до сите парламенти , другите ќе препознаваат каде е тероризмот, меѓутоа и ние ќе мора да седнеме еднаш и да разговараме што е тероризам во РМ и добро да го препознаеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Г. Филип Петровски

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Во врска со Декларацијата за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон ќе бидам кратко, затоа што имам намера повеќе да зборувам по втората точка од дневниот ред, околу референдумот која што според кое длабоко уверување повторно излегува од она што ние го имаме во оваа Декларација односно од тероризмот.

Да бевме ние парламент на Латвија, или можеби на Чиле можевме воопштено да зборуваме за тоа што се случи како трагедија во Њујорк и во Вашинготн. Можевме да кажеме дека тоа е нешто далечно од нас, ние жалиме, тоа е еден настан кој не сакаме да им се повтори на американците и да завршиме со тоа како Собрание. Меѓутоа, ние сме Парламент на РМ, ние имаме шест месеци проблеми со терористи и ние неможеме да замижиме пред тој факт. Ние можеби имаме како држава разлика во последиците, бидејќи таму знаеме какви се бројките, знаеме кај нас какви се бројктите, меѓутоа мотивот е ист. Оној што го срушил светскиот трговски центар за мене не е поразличен од оној што направи масакар во Вејце, во Тетово, во Љуботен. Оној што го крена во воздух "Лешочкот Манастир" и оној што дигаше во воздух цивили во Бриони. Мислам дека ние како држава треба да признаеме дека си имаме мака и таа треба да биде дел од документите што ги носиме тука. Неможеме да замижуваме и како предлагач, бидејќи сум потпишан на оваа декларација сметам дека текстот е издржан и дека како таков треба да остане.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас, во името на Пратеничката група на Нова демократија, искажувам поддршка на Декларацијата што е предложена и потпишана од пратениците на најголем дел од пратеничките групи со исклучок на ПДП и ПДП-А за осуда и терористичките напади во Њујорк и Вашингтон - САД од 11 септември 2001 година.

Но, со жалење можам да констатирам дека дел од нас пратениците, без разлика од која етничка припадност се, сакаат да негираат дека во Република Македонија постои

тероризмот.

Тероризмот го почувствуваа македонскиот народ и сеуште последиците ги имаме и сеуште се тероризира нашиот македонскиот народ на дел од Република Македонија. Зарем не е терористички акт сопирањето на водата и оставање на еден град од 100.000 жители без вода повеќе од месец дена? Зарем не е терористички напад рушењето на црквата во Лешочкиот манастир? Зарем не е терористички акт тероризирањето на 8-те припадници на вооружените сили на Република Македонија? Зарем не е терористички акт палењето на мртви лешеви на претставници на безбедносните сили на Република Македонија? Етничкото чистење од територијата и пљачкосувањето на дел од територијата на Република Македонија? Врзувањето на столб и кревање во воздух на објект заедно со луѓето, зарем не е терористички акт?

Почитувана господо, повелете на говорница, кажете дека ова не се терористички активности, ние ќе г подржиме вашиот амандман.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, со жалење мора да констатираме дека денеска за една Декларација, за која што навистина требаше сите задно да застанеме, пак добива една конотација што не би требало да јас има во Собранието на Република Македонија. Имено, можеби точно намерата не била таа што во насока на која што говореше колегата Стојменов, да се подвоиме по однос на терористичките акти и верувам дека ние ја имаме таа храброст да ги осудиме, но сите видови на тероризам што се појавуваат на тлото на Република Македонија, затоа што како што ги набројуваше господинот Петров сите акти на тероризам, за некои>лод знаци на сомневање, затоа што тука беше спомнат и случајот на Љуботен, јас не знам на кој мислеше, но точно во селото Љуботен имаше голема доза на тероризам, но практикуван од другата страна, врз албанското население. Така што мислам дека тука, ако ја отвориме оваа расправа, може на долго и на широко да се расправаме. Можеби и ќе дојдеме до една заедничка декларација за осуда насите видови на тероризам што се појавуваат на тлото на Република Македонија и што ги доживуваат сите граѓасни на Република Македонија.

Меѓутоа, апсолутно, вака како што настапуваше колегата Чедо Петров, мислам дека се оди во насока на подвојување и зафаќање на страни. Од една страна македонските пратеници ќе ги осудуваат само актите на тероризам што се вршат над македонското население, од друга страна ние ќе застанеме само со осуда на актите на државен тероризам што е присутен врз албанското население и на тој начин мислам дека секој ќе застане на своите позиции и нема да дојдеме до тоа што претпоставуам, на сите добронамерни би им била цел да се донесе таква декларација зад која сите ќе застанеме.

Тука имам една сериозна забелешка до претседателот на Собранието, затоа што тој рече дека видов една деклрација што беше поптишана и не видов ништо лошо во тоа. Мислам дека од самата декларација се гледа дека има нешто што не е во ред. Имено, во таа декларација нема ниту еден потпис од ниту еден албански пратеник. Тоа беше доволен сигнал за претседателот на Собранието да увиди дека таа декларација треба да ги помине и другите филтри на усогласување и дури потоа да дојде до нас за усвојување. Вака, се добива впечаток дека некој намерно сака пратениците албанци дас ги стави во позиција да не може да гласаат за оваа декларација за која апсолутно немаме никакви резерви. Но, не со тие примеси на дневно политички состојби што ги имаме во Република Македонија за кои, за жал, ние имаме различни видувања. Тука тоа не можеме да го избегнеме со тоа што ќе понудиме една декларација што еве, нема да може да ја одбегнат Албанците.

Мислам дака на овој начин не ставате во ситуација кога ќе се усвои оваа декларација за која што нема да гласаме против, Ќе Се воздржиме поради овие причини, ќе мора да се обратиме со една наша декларација до Амбасадата на САД, во која што ќе укажеМе дека сепак и ние изразуваме жалење и осуда и сочувство кон жртвите на тероризмот и дека сепак Сето тоа што можеше да се добие како впечаток дека пратениците Албанци во Собранието на Република Македонија не потпишуваат една таква декларација, се разбира дека е сасмо една фарса во која што ние сме принудени да влеземе.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитувани господа,

Во текстот на Декларацијата, ова што е оспорувано од вас, јасно пишува:

"Оценувајќи Дека тероризмот во овој момент претставува најголемо зло на човоштвото, чии последици длабоко и трагично ги почувствува и Република Македонија, Собранието изразува готовност за соработка и приклучување на Република Македонија во активностите за борба против тероризмот".

Дали ќе имате против ова? Дали негирата дека во Република Македонија има терористи? Јас тврдам и последиците ги почувствува македонскиот народ од тероризмот. Ние не обвинуваме никого. Констатираме и кажуваме дека во Македонија постои тероризам. Не прифаќам дека постои државен тероризам во Република Македонија. Меѓутоа, тоа е мој став. Во Декларацијата е јасно и недвосмислено

кажано, неи го осудуваме секој вид на тероризам, па и тој кој гсостои во Република Македонија. А тој постои.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

Ве молам, ако може телефоните сепак да ги неутрализирама пред да влеземе во салата.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас не знам што се сака да се постигне од некои одредени пратеници што се јавуваат за дискусија на оваа говорница. Знаете зошто? Ја имате предлог на Декларацијата за осуда од терористички напади во Њујорк и Вашингтон - САД. Дали сакаме како Собрание, во овие тешки моменти да го поддржиме американскиот народ, американскиот претседател, американската влада и сакаме нешто друго да извадиме на површина? Тоа треба да расчистиме како прво, дали сме за тоа или сме за нешто друго, да разговараме за некои други проблеми што се внатре во Македонија. Тоа што е во насловот во Предлогот на декларацијата, воопшто содржината на Дакларацијата не кореспондира со насловот.

И сега, се сакате од страна, на одредени политички партии, да се стават во наповолна состојба пратениците Албанци на ова Собрание. Јас мислам дека тоа го знае и Америка и целиот свет, кој е ставот на албанските политички партии во Република Македонија. Тука нема дилеми.

Меѓутоа, вие знаете дека тука некои спомна дека во Република Македонија шест месеци има терористи. Од каде ви е тој заклучок? Сега ги прашувам пратениците од ова Собрание, кога знаеме дека пред одредено време, ова Собрание донесе заклучоци дека во Република Македонија има екстермисти, но никаде не се спомнува дека има терористи.

Како второ, таа Америка, САД, па и целиот демократски свет не вели дека во Македонмја има терористи. Него, вели дека во Македонија има вооружени групи, што денеска во договор со НАТО се разоружуваат паралелно со имплементацијата на Мировниот договор што треба тука да се имплементира.

Одиме понатаму. ако некој спомнува дека во Република Македонија има тероризам, јас ќе прифатам. Ние тука како Соборание да зборуваме денеска или предложиме предлог - декларација, да раcправаме за тероризмот во Македонија. А не сега, низ некое друго алиби, наоѓајќи го во Америка, ние да раcправаме за Македонија. А јас, на тој говорник кој излезе на говорница и спомна неколку терористички акти во Македонија, и јас ќе ги спомнам, но од обратна страна, гледано од моја гледна точка, а тоа е реалност.

Дали не е тероризам на Градскиот стадион во Тетово да се убиваат цивили од страна на полицијата? Дали не е тероризам да се убива човек во дворот на болницата? Трето, ќе одиме по ред да ги наброиме, дали не е тероризам да се убиваат цивилни граѓани во сопствените домови. Дали не е тероризам да се протеруваат граѓаните од сопствените домови и да е палата нивните имоти во Прилеп и Битола? Дали не е тероризма да се палат џамии во Прилеп и во Битола? Ќе рече некрај на една претходна седница дека во Битола не е запалена џамијата. Џамијата била запалена, меѓутоа изгасната од граѓаните, а Муфтинијата е запалена. Дали не е тероризма да се рушат куќите на граѓаните било во Липковскиот крај, било во Арачиново, било во другите краишта, во Тетовско и тн. И, дали не е тероризам етничкото чистење на Албанците од нивните домови?

(Реакција од страна на пратениците)

Преека добивте еден одговор од министерот за труд и социјална политика, дека одселениците од Република Македонија 90% се Албанци, господо. Така рековме. Тие кои се денедска вон границите од Република Македонија не можат да се вратата во сопствените домови, дека ги избркавте без документи, а сега без документи не можат да влагаат во сопствената држава.

Затоа мислиме дека на ваков начин не може да дојдеме до решенија што ќе не доведат до тоа да се врати довербата во Република Македонија, меѓу граѓаните на Република Македонија. Затоа мислам дека на ваков начин, ако тераме уште понатаму, мислам дека само ќе ги растуриме работите што ги постигнавме во овие месеци, било со Мирвонито договор, било со мерките што треба да се гради довербата меѓу граѓаните. Мислам дека на ваков начин нема да одиме никаде. Само Ќе останеме на место, а можеби би можеле и да се вратиме назад.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде има една реплика од Чедо Петров.

Јас предлагам да го ограничиме времето за реплики, да може секој да каже овде.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Сосема накратко.

Јас, исто така ги осудувам сите терористички активности во Република Македонија. И благодарам дека вие прифативте и потврдивте дека во Република Македонија постои тероризам. И, прифатете ги овие претходни наброени терористички активности што беа во Република Македонија.

Зошто пречи севкупниот тероризам во Република Македонија ние, како Парламент да го осудиме?

Кому тоа му пречи?

Благлодарам.

Само ако дозволите, во забраната на господинот Буш за патување во САД и работа во САД е на господинот Али Ахмети, претседателот, односно таканаречениот вожд, на таканаречената ОНА.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Пранговски има збор.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, сосема на кратко, како еден од предлагачите на текстот на Декларацијата.

Навистина, после воие дискусии можам да кажам уште еднаш со незадоволство дека ние имаме многу голем проблем. И, ако некој мисли дека лесно ќе го разрешиме, изгледа е во заблуда.

Ова Собрание, на 17 март, мислам дека беше на 17 март, по дводневна седница немаше доволно сили во тој момент, а имаше потполно јасна ситуација, барем за поголем дел на пратениците, што и се случува на Република Македонија, што стои зад тоа.

Но, заради јавноста, заради македонските граѓани, заради, повторно интересите на државата, потребата за компромис и добра волја, ова Собрание наместо да ги крсти убијците од планините во Западна Македонија терористи и што се, и секогаш тоа ќе остане, без разлика кој и на какви начини во Парламентот и надвор од него, со вербални и политички вешти манипулации сака да прикаже нешто обратно, во историјата тоа ќе останат за секогаш запаметени, ги крсти тогаш вооружени групи екстремисти, албански вооружени групи екстремисти. И, ги задолжи во следните закучоци институциите на државата, претседателот на државата и другите надлежни релевантни институции да ги преземат си неопходно потребни мерки за справување со таканаречените вооружени групи албански екстремисти, бидејќи тоа се екстремисти.

Во меѓувреме, сакам да потсетам

Ве молам господине претседателе, замолете ги пратенците за внимание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам лретениците да внимаваат, а ќе ги замолам и сите говорници да се задржат на амандмани. Сега имаме претрес по амандманот.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Да, ќе се задржам на амандманот. Само сакав да ве потсетам Дека пред два дена, после тој ужасен терористички чин во САД, Конгресот на нивната држава кажа за што Се работи. Даде овластувања на претседателот на државата да ги преземе сите неопходни мерки, не само против поединци терористи, не против организации терористи, туку и против држави кои можеби и против протекторати, меѓутоа, немаат такви проценки, кои што поддржувале, ги угостувале или им пружале заштита да ги преземат сите неопходни мерки. Два дена после тоа изјави дека Америка е во состојба на војна.

Во исто време, Конгресот на Америка го задолжи претседатеот и надлежните институции веднаш да се мобилизираат 50.000 доброволци, веднаш да се изврши интервенција од федералните резерви во износ од некои 40 милијарди долари. Тоа така се прави во тие нормални држави. Затоа тие имаат успех во борба против тероризмот и секогаш ќе имаат успех.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Околу амандманот, бидејќи сум еден од потписниците на текстот. Навистина се чудам зошто на некои колеги им смета, чии последици длабоко и трагично ги почувствува и Република Македонија. зарем мислите дека ако ова се избрише и ако ние пуштиме таква декларација дека ќе бидете амнестирани и вие што овие ставови ги менувате и дека другите ќе бидат амнестирани. Во заблуда сте. Сите знаат, и тие што не убедуваат дееса не е така, дека Македонија е жртва на тероризам, дека е жртва во континуитетот шест месеци, организиран тероризам, поддржуван логистички воено итн., од еден протекторат - Косово и дека е жртва на надворешна агресија терористичка. Од тие причини сметам дека амандманот треба да се отфрли и дека оваа декларација ќе ја добие првата смисла и ќе ја добие правата содржина, ваква каква што е, во изворна форма.

Инаку, околу еден коментар, да кажам дека веќе постојат индиции дека и Бил Ладен во близината на тој протекторат бил и не можете таа врска да ја избегнете, колку и да сакате и колку да се трудите. И она што го спомнавте што му влегле македонските полицајци да го тероризираат во својата куќа командантот Тели. Правите разлика помеѓу акција на државни органи и институции во одбрана на интегритетот на државата и акција на терористи. Тука ни е проблемот. Проблемот всушност настана од оној момент кога ова Собрание и македонската јавност почна да се дели на албанскиот блок и на македонскиот блок, на едната страна и на другата страна. Нема овде друга страна. Овде има само една страна, а тоа е држава Македонија. Тоа треба да се свати како таква.Другата страна е тероризам и така ќе остане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Пранговски.

За збор се јави г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ**:

Јас би сакал тука да дадам една констатација а тоа е дека господата пратеници албанци, мислам дека се единствени, во моментов, во светов, кои не се приклучуваат кон јавниот повик на американскиот претседател, рускиот претседател на сите европски лидери, за глобална војна против тероризмот. Значи, една единствена светска сила да биде сите земји заедно да бидат кои заедно ќе поведат борба против тероризмот

Ваквото нивно нервозно однесување, дали се препознаа во некој дел од овие точки во декларацијата, или во нешто друго е работата, не ми е јасно. Но, мислев дека ова Собрание нема да

има никаков проблем, околу тоа.

Втора работа, незнам кој тука спомна и јас апсолутно се согласувам со него дека болката на битолчани и прилепчани може би не е соодветна, кога ги запалиле џамиите во Прилеп и Битола. Затоа јас го повикувам истиот тој политичар да види за неколку дена, што е вистински одговор и како вистинска сила и западна демократија ќе одговори на тероризмот. Сигурно нема да биде со палење на џамии, ќе биде во некој поинаков обид. Јас го повикувам, заедно, преку сателитските телевизии СНН и ББС ќе седнеме заедно и ке гледаме како одговараат на такви облици на тероризам што ги имаше, јас се согласувам со сите претходни дискутанти, и во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Пандов:

Збор има Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Повеќе работи веќе беа кажани. Јас единствено би сакал да кажам дека за мене во потполност е прифатлива декларацијата и би сакал да отворам еден, може би така да кажам полемички тон со ставовите кои ги искажаа пратениците од Пратеничката група на ПДП и ДПА. се работи за следново:

Во оваа декларација многу јасно се осудува тероризмот како глобално зло, значи како глобална појава и во ниеден случај неможе да се прави кфалификација и да се разговара за тероризмот само во по-едини случаи, во поедини региони, како што сакаше пратеникот, г-динот Зибери тоа да го направи. Значи тоа е неможно да се гледа така. Впрочем за тоа зборува и самиот повик на г-динот Буш, американскиот претседател каде што и тој самиот повикува за создавање на меѓународна коалиција за борба против тероризмот. Значи, тоа не може да се гледа само во рамки на САД. Значи, не може да се зборува, како што г-динот Зибери рече, за некои недоследности или за контрадикторност, или за хипокризија од наша страна.

Кога се зборува за глобална појава, за глобално зло, јас мислам дека не може а да не си земе предвид исклучувањата во сопствената средина и нормално е да се очекува тоа да го направи македонскиот парламент со еден таков став, со една таква декларација. Негледам ништо нелогично ако ние поддржуваме таква иницијатива за создавање на меѓуна-родна коалиција за борба против тероризмот. Што има лошо, како придонес во таа борба на глобален план да се направи и да се покрене, како што е покрената иницијатива на Советот за безбедност на Репбулика Македонија за склучување на регионална коалиција. Практично преку регионалната коалиција се дава придонес во борбата против тероризмот на глобален план. Тоа е сосема логично. Инаку, како би можело тоа да се толкува и образлага на поинаков начин.

Инаку, навистина мислам дека се работи и во одредени примери тука кога се изнесуваат, за извртување на тезите. Нормално е, кога се реагира против тероризмот, значи самата реакција тоа практично го носи името борба против тероризмот или анти тероризам. Во тој антитероризам нормално е да се јавуваат појави каде доаѓа до обрачун. И кога овде се спомнуваат некои примери дека, незнам имало и во Македонија многу разрушени куќи во албанските села, дека имало одредени насилства, убиства, итн. Не може да се води борба, значи не може да се води антитерористичка акција, а да нема такви појави. Впрочем, ние наскоро ќе бидеме сведоци, веројатно со одговорот на САД, па ќе видиме какви последици ќе има од американскиот одговор. Ако се превртат тезите тогаш нормално се доаѓа до толкувања, одредени појави, одреден напад на пример да биеде именуван дека не се работи, нели за бомба туку се рботи за мобилен телефон, дека е тоа насилство врз цивили итн. Значи, комплетно се извртуваат тезите. Така да во тој прилог мора а се прави инстинкција што е одговор и заштита на самата држава. Со тоа автоматски и на самиот систем, на демократскиот систем во борба против тероризмот. Тука тие работи навистина не држат, неможат да палат и тој тип на хипокризија е многу лесно читлив. Мислам дека се работи обратно. Овој пат се работи за хипокризија и за замена на тезите која сака да се наметне практично во дискусиите на господата пратеници од албанскиот блок.

Уште еднаш само би сакал да повторам дека во потполност ќе ја поддржиме декларацијата и дека пратеничката група на ДА ќе гласа за оваа декларација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Попов збор има г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас ќе се з адржам само на амандманот од Пратеничката група на ПДП, бидејќи е евидентно, во овј предлог на декларација на македонскиот парламент само тоа е спорно.

Спорно е дека актот на тероризам ни појавата на тероризмот како метода на присила, која евидентно е и политичка присила на нашите територии, да се отргне од оваа наша територија. Значи, тероризмот, постои секаде само не во Македонија. Веројатно тоа смета.

Ако имаме терористички акт кој сака да предизвика политичка принуда во било кое друго место во светот ние ќе го осудиме, освен она што на нас ни одговара за нашите политички цели,господа, вие морате да знаете дека од страна на претседателот на САД, како предводник на една многу поширока коалиција со НАТО и со другите прозападни или Европски демократии е објавена општа војна на терориземот. Оваа војна е глобална војна и ќе ја водат сите против тероризмот секаде во светот. На нас ни останува да ја одбереме страната, дали ќе одиме со оние кои се борат против тероризмот, или оние кои ќе ги пдодржуваат терористите.

Да не заглавуваме сега во некои сколастички расправии што е тероризам, што не е, дали тероризмот е добар ако е наш тероризам,

или е лош, ако е туѓ тероризам. Евидентно е дека Македонија подолго време прави политички отстапки на база присилена од терористички акти на определени групации.

Оваа декларација веќе ја донесоа сите парламенти на демократскиот свет во иста или изменета форма и ние веќе и доцниме со придружба на целиот демократски свет во борба против најголемото зло, тоа е тероризмот, бидејќи тоа и се заканува на демократијата и во земјава и секаде во светот. Не може она што се вика тероризам, убиство на невини луѓе, разрешување на материјални добра да биде начин да се доаѓа до немкои политички отстапки. Заради тоа ние како пратеничка група во целост ќе го прифатиме овој текст. Можеме да прифатиме ссамо некои јазични измени, евентуално некој ако сака тука да реагира. Сепак, треба да се знае во Македонија има тероризам. На база на тој тероризам како парламент, некои беа принудени да потпишат отстапки и незнам зошто бегаме од вистината. Оној момент кога ќе се соочиме со она тогаш може би ќе го најдеме патот за излегување. Значи ни ке осудиме секаков вид на тероризам, без разлика од каде доаѓа. Но, не можеме да кажеме дека во Македонија тоа го нема. Тоа е интенцијата на пратеничката група на ПДП. Затоа мислиме дека амандманот не треба да се прифати и во целина декларацијата што ни е понудена да биде изгласана од овој парламент. Оној кој ќе пројави вакви или такви мислења за оваа декларација, со тоа ќе го определи својот став спрема тероризмот. Ние го даваме нашиот глас да се осуди истиот и ќе ја поддржиме оваа декларација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Ристовски, за збор се јави Горѓи Котевски.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувнаи дами и господа,

Сметам дека нема потреба да се натпреваруваме околу ова прашање.

Оваа декларација треба сесрно, сосема трезвено *со* здрав разум да ја прифатиме, без раз лика во Република Македонија на некого дали му се допаѓа тоа или не. Кој си ја има мувата на капа нека ја брка кој нема потреба да ја брка ќе си седи мирен и во овие клупи.

Едно треба да ни биде јасно. Ние треба да бидеме пресреќни во оваа државичка затоа што тој тероризам,наназад несакам да ви спомнувам камоли настани од тој тип се имаат случено;Во Германија на стадионот, во Јапонија со труењето, да не кажувам, во Бастија, итн.Корените на ова зло точно се лоцирани. Точно беа лоцирани во Република Македонија. Се се знаеше. Тие што требаше да бидат спасители, всушност тие и беа терористи, но скриени терористи во нашата држава. Сега имаме една многу, многу среќна околност, добра прилика. Знаете зошто е добра прилика? Добра е затоа што покажа и докажа дека нема држава, нема народ, нема технологија која не може а се руши по пат на тероризам. Ова е непобитен факт, прв во историјата на човештвото. Прв, затоа што, поаѓам од следниве причини:

Ако едни соединети американски држави важеа за најмоќната и се навистина најмоќната и технолошки и економски сила во светот, покрај технолошкиот напредок за Советскиот Сојуз поранешен и сегашна Русија. Меѓутоа, на повидок се случи нешто што некој не можеше во здравиот ум и разум да го помисли. Дури ни самата американска администрација, ни тој естабилишмент, ни тој Пентагон, ни сите тие служби долги години усовршувани, долди години едуцирани, да им се случи ваков настан од типот на тероризмот. Тоа е добра прилика за нас, малите народи затоа што, јас и порано зборував, ние мораме од се срце да се вклучиме во борбата против овој тероризам, поготово кога денес една супер сила на земјината топка вели, да, конечно дојде времето да се пресметаме со секој вид на тероризам. Но, почитувани пратеници, тероризмот со декларации не се руши. Не се сузбива со декларации. Ние можеме овде уште десет декларации да донесеме, десет декларации за поддршка на напорите на САД. Ако тоа не го донесеме како цивилизациска потреба на цел напреден свет, на цел демократски и слободарски свет, ќе бидеме залажани со тоа дека тоа зло ќе не обвини нас. Но, за жал, во овој миг ние имаме полно легитимно право, бидјеќи како мала држава досега бевме тероризирани, имавме такви акти кои денес, еве веќе ги потврдија и САД, побараа список на луѓе од Албанија кои учествувале со таквите групи на терористи, може би ке побараат и во Република Македонија, ќе побараат и во други земји. Ова зло мора а се оттргне од корен. И да ви кажам, секоја држава мора да работи максимално во институциите на систмеот, затоа што и тие на самиот заради што го поддржуваа или даваа логистика на тој тероризам, и тие треба да се казнат. За жал, морам да констатирам дека во Република Македонија, акмо вункционираше до крај системот, сите институции, некои луѓе, дури некои кои седат овде во овие клупи, или некаде на друго место, во Владата или во институциите на државата ќе беа зад решетки. Токму сега е мигот да се вклучиме во оваа операција што ја дава, поготово САД се општа коалиција и максимално обучување, работа во инстуциите во државата за да може ова зло да се отфрли до крај, затоа што сега има и опасни материи за успех на тероризмот, не само атомското наоружување што лесно можат да дојдат до него, боевите отрови, хемиските отрови итн., и кој знае што се уште ќе се пронајде за да може лесно да дојде до раскин на терористите и да се направи пакос за што, човештвото нема да биде свесно, како што и на никој во светот не му паѓаше на ум дека најголемите, најмоќните згради во светот можат да се рушат на еден ваков начин. Затоа јас го отфрлам овој амандман на г-динот Зибери. Ја прифаќам оваа декларација, но оваа декларација навистина треба да се преточи во самата држава и еднаш за секогаш ние треба да престанеме со тоа дека во Македонија нема тероризам, без разлика од која страна доаѓа. Ако денес едната страна и се случува тероризам,нема да биде далеку времето и другата страна да биде опфатена со терористи, затоа што, еве ќе ви кажам, во Армија кога служев стручњаците ми

зборуваа вака најдоброто оружје против тенкот, е тенкот.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Најдоброто оружје против тероризмот кој е? И затоа тој се појавува. Ако од едната страна се јави тероризам тој голорак човек, или народ ќе мора да се брани и тој ќе примени такви методи. Нема друг излез. Методите се исти, крајната цел е пак иста, жртви и само жртви. Нема разлика. Тоа сакав содржински да го кажам за да се приклучиме заеднички и не создаваме антагонизам по ова прашање дека ние со една декларација, или поддршка на САД се ќе измениме. Меѓутоа, се отвора еден светски процес зад кого ние се едно ќе застанеме, е ќе ни помогне како мала држава.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мене само нешто не ми е јасно. Секогаш во вакви прилики немало случај досега ако не се надоврзува и да се прикрива заправо македонската политика и со кажипрст дека еве, ние сме демократи, ние се обидуваме, меѓутоа другата страна е таа лоша. Жалам што досега официјалната политика на Република Македонија никогаш не се оградувала од своите недемократски постапки со своите граѓани во Република Македонија. И по оваа прилика ќе имаме про и контра. Зошто не застануваме на она што е про-лазно, претходно и за едната и за другата страна што е прифатлива и за едната и за другата страна, зборувам и за албанската и за македонската страна. И затоа ќе се фаќа за страна дека само албанците се терористи и од таквиот терор треба не само македонците туку целиот регион од таквите терористи треба да се брани. Никогаш да се нема смелост да се каже на оваа говорница дека сме сами терористи и како држава и како режим и како институција против сите други немаќедонци. При оваа прилика, при овој случај треба да се има храброст да се каже, Тука се спомнува УЧК. Доколку УЧК од страна на Америка не само и од неа, туку од сите европски прогресивни снаги се оквалификува како терористичка организација, јас ќе бидам тој што ќе кажам на оваа говорница дека ќе се сложам. Но, доколку обидите на таа УЧК и целото тоа албанско востание во Република Македонија е резултат на државниот тероризам и дека таа се борела против државниот тероризам. Јас ова го кажувам на говорница имам лепеза на докази кои што водат дека македонскиот режим други од 1981 година немало настан доколку албанците побарале некои права да не изврши пресија, да не изврши терор и тоа со несогледливи последици и по секоја интервенција на полицијатг да имаме и жртви.

За жал нашиот амандман тука што е предложен од двете пратеничките групи што лошо има конкретно за ставот 2 од точката 2. И предлагаме тој пасус и таа точка да се надополни со овој наш текст. Што конкретно овој текст значи што се дигна толку голема прашина и врева. Оттука треба да сватите дека јас сум убеден во тоа, но сепак треба трезвено да се каже дека македонската држава првично нема момент и пратеник кој што не ја загрозува вистината прво и прво и со невистина и со немање на аргументи сака да и се спротивстави на лепезата контра аргументи кои што не се такви. Мегутоа, од оваа седум месечна војна дали самите не се убедивте дека и покрај тоа колку сакавте со демагогија да ми се обраќате на целиот свет. Вие целиот свет го привлековте против себе, иста онаа политика што северниот сосед Србија го правеше на чело со Милошевиќ. Господа не сакам таква споредба да направам, но за жал една чиста коинциденција, значи сите против албанците во конкретниот случај. Да напоменам, амандманот кој што двете пратенички групи го имаат предложено и гласи ставот 2 на точката 2 кој станува точка 3 се менува и гласи: "Оценувајќи дека тероризмот во овој момент претставува најголемо зло на човештвото, Собранието на Република Македонија изразува готовност за соработка и приклучување на РМ во активностите за борба против тероризмот". Што лошо тука овој текст има? Туку со трагедијата на американците што секој се згрозува од тоа вие сакате да добиете ако не друго не само рејтинг спрема Америка како светска сила, туку преку она иглини уши да се протура дека албанците се терористи во Република Македонија. Ова е срамота.

Да ве потсетам со некои настани кои што не дека ве оквалифукуваат така, тукуесите немакедонци во тој однос имаат страв од државниот терор што се применува спрема нив. И конкретно, се сеќавате во 1990 година со рушење на порти и авлии овде во Арачиново Нуредин Нуредини се викаше човекот кој беше затрпан од зидот. Кој одговараше за тој настан, кој извршен орган заправо одговараше за таа случка? Човекот беше затрпан, беше што се вели убиен, никој не одговараше.

(Дофрлувања од место од страна на пратеникот Александар Флоровски).

Извини, Александар Флоровски, ако немаш можност да чекаш и да слушаш, можеш да излезеш, но јас го кажувам фактот што е.

Истата година во село Палатица-Тетовско полицаец го стрела човекот од село Палатица за две јаболки и тоа пред неговите деца. Кој е тој полицаец што не излезе на виделина и да одговара пред прав-дата. Истата година по првите парламентарни резултати на избори со цигла беше гаѓан граѓанин од село Чегране. И тој патувајќи да се врати во Швајцарија. Тој човек и ден денеска лежи, неподвижен е, парализиран е. Кој е тој човек што го направи тоа зло,истото како што го направи со војникот од Англија, граѓанин од Република Македонија. Само што немавте можност да кажете дека тука се нашол еден претставник албанец, УЧК, или нешто друго, ќе можевте тоа веднаш да го поврзете со моментот и да седите на страна, кукавички. Не сакам така. Понатаму се сеќавате во 1992 година кога цело село Радолишта беше опколено од полициските сили за наводно барање на оружје. И што најпосле се нашло меѓу тие граѓани. Две чифти и тоа со дозвола. Колку малтретирања имаше таму. Фрчковски беше министер за внатрешни работи. Колку ребра беа кршени, демолирани куќи, мебел, и се што луѓето имаа стекнато со пот. Се формира анкетна комисија во Република Македонија. Ве

прашувам претседателе Андов, кој одговараше за таа полициска хајка во село Радолишта. Никој не одговарал. Еве тој континуитет и јас истото го држам веќе десет години. Потоа за една кутија цигари настаните на Бит Пазар. Викторија Гешовска беше убиена од заскитан куршум. Имавме жртви, колку ранети имавме? Кој одговараше за тие жртви? Никој не одговараше, никој жив не одговараше. Имавме четворица убцени граѓани на Република Македонија. Одиме понатаму, Абиљ Сељам беше убиен по настаните во Мала Речица во вториот семестар на академскаста година на универзитетот во Тетово. Што беше причината? Затоа што баравме академско образование на албанците во Република Македонија. Што терор извршивме ние на некое соседно село во тоа време? Абиљ Сељами беше жртва на истрел од полицаец. И тоа по повод вториот семестар на универзитетот во Тетово не само што имавме жртви, туку целата таа бруталност на полицијата беше изведена над албанците во тој дел. Кој одговараше за тоа убиство, за сите оние демолирања на станови, искршени ребра, ранети граѓани и што не друго. Па потоа пред текст, одлука на Уставниот суд за знамето во Гостивар и гостиварските настани. Не сакам да ги набројам сите настани. Кога овој Парламент и пратениците на ова Собрание се оградија од тие бруталности? А јас сум сигурен дека дотогаш и убиството на тројцата полицајци во село Арачиново кое доби епилог после 14 месеци дека не се виновни притворените и малтретираните албанци од село Арачиново. Судот донесе решение за да ги ослободи од пресуда.

Премиерот Љубчо Георгиевски во една прилика рече: настаните и убиствата во село Арачиново, а не станува да каже дека тоа е него-во дело. Полицајците се убиени од подземјето на Република Македонија. Судот тоа го докажа, господине лавче.

(Му се обраќа на пратеникот Филип Петровски.)

Тој се смета за лав, а јас реков "лавче", детска играчка.

Настаните оваа година кои се протегаат повеќе од седум месеци повторно дежурниот кривец албанците. Музафер Џафери во село Тануше не беше убиен од страна на УЧК, туку него го убија безбедносните структури на Република Македонија. И каде е убиен, ќе ви кажам зошто? Затоа што човекот отишол на своја нива да извади компир од јамата за своите чеда и за своите деца. Тој е убиен во својата нива. Никој досега за тоа не одговарал. Март месец исто така Омер Вајди Шабани дете од Селце со оглав во рака е убиен. Полицаецот што стрелал тука бил и Рефет Елмази заменик министер за внатрешни работи, тука бил началникот на УВР Тетово Рауф Рамадани, пред очите на претседателот на Собранието Муртезан Исмаили и тука бил заменикот за одбрана Кадри Кадриу. Пред очите на овие четворица полицаецот стрелал и потоа рекол: "што ми можете". Никој, никој жиз досега нема една таква одговорност. Затоа не трчајте многу. УЧК војуваше за да го одбрани својот праг, својот физички интегритрет, своите чеда и својата куќа и да му каже стоп на државниот тероризам. И таквите обиди за зачувување на физичкиот интегритет и културното битие не може да се нарече тероризам, туку одбрана од државниот тероризам.

Понатаму, ние сме против тоа што се случи со Лешочкиот манас-тир во Тетово. Само уште досега тоа не е потврдено кои структури тоа го направиле. Ако 55 џамии биле рушени од безбедносните структури на РМ, нема наивен кој не би рекол дека и тој обид да им се префрла на албанците е исто така од безбедносните структури на РМ срушен, само да се прикаже другата страна дека е дежурниот кривец.

Вие на вистината сакавте со лажење, со демагогија да и се спротивставите. Меѓутоа, тоа неможеше да ви успее. И сега, па и утре и понатаму колку и да сакате да се обидете, вие во тоа нема да имате успех. И оваа декларација заправо што треба да се прифати со овој предлог на амандманот за кого ние ќе гласаме, ќе бидеме повторно одвоени на две групи, на две страни. Еднате не е задовллна со првата и втората не е задоволна со првата. Затоа мислете кон тоа и со право име и презиме да се кажува за сите деформации. Јас не се осеќам теро-рист, меѓутоа одбрана на својот праг не значи дека не треба природно да го војувам државниот тероризам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мојата дискусија за да го рационализираме времето сватете ја во името на сите пратени-ци на СДСМ и всушност таа во таква улога е.

Тероризмот за жал е едно од лошите одличја на современиот свет.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:(родолжение)

Свесни сме дека тој е присутен насекаде и сите ние, особено избраните пратеници сме должни да се бориме против него во светот.

Со жалеење ја примивме веста дека врвот на тероризмот деновиве се случи во САД, каде цел на нападите беа цивилни цели и невини жртви. Пратеничката група на СДСМ жали за тој настан и едновремено го одудува настанот и токму затоа целата пратеничка група на СДСМ го потпиша предлогот на Декларацијата која е сега на дневен ред и го подржува изјаснувањето за Декларацијата.

Сакаме да укажеме дека тероризмот во светот, без разлика дали тојденовиве што се случи во Америка или тука, тој е насекаде ист. Разлика од него нема. Разликата е смао што несреќите на големите народи се големи несреќи, а несреќите на малите народи се мали несреќи. Ние сме мала држава , но и ние сме соочени со тероризам во сопствената држава и ние како пратеници, како пратеничка група сме должни да го соопштиме тоа и да се декларираме дека тој постои во РМ и да се заложиме против него. Исто, како што во моментов со Декларацијата се заложуваме за борба против тероризмот во целиот свет и се

разбира во САД, каде што тој го постигна својот врв со , веројатно, давање на иљадници жртви и огромни материјални разурнувања.

Во тоа име пратеничката група на СДСМ, коај е исто така предлагач на Декларацијата ќе гласа за неа во формата во која е предложена. И, тоа е ставот на пратеничката група на СДСМ. Тоа значи дека амандманите не ги прифаќаме и за иднито амандман истото ќе го направиме, да не се јавувам повторно за збор, значи ќе гласаме во формата во која е предложена.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам г-дине претседателе, уште на почетокот кажав една хаотична седница и се гледа дека не знаеме што да постигнеме а и овие последни дискусии се факт дека навистина оваа Декларација требаше да помине низ едно усогласување повеќу пратеничките групи, затоа што не знаеме кој е предлагач на оваа Декларација. Ова ни беше донесено во пратеничката група и потпишете го или не без прилика да учествувавме во неговото сознавање. Тоа како прво. Досегашните дискусии, според мене, не содејствуваат со титулата на Декларацијата. Вели:"Декларација за осуда на терористичките напади во Република Македонија". Не вели вака, вели: "Декларација за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашинктон , САД од 11 септември 2001 година".Ако се сака да се зборува за тероризмот во регионот, ние би требало една нова точка или некој друг ден да разговараме и да расправаме за тоа. Значи, од незнаеЊето што се сака да се постигнува , ние сега насоката на дискусиајта влегува во сите сфери каде што ние сакаме да навлегуваме. Ова е една моја забелешка.

Другата забелешка се однесува на тоа дека од многу пратеници се кажува дека ние сме изненадени од ставовите на пратениците албанци дека тие не го осудуваат Тероризмот.

Уште едно сакам да појаснам дека амандманот гласи: "Оценувајки дека тероризмот во овој момент претставув анајголемо зло на човечштвото, Собранието на Република Македонија изразува готовност за соработка и вклучување на РМ во активностите за борба против тероризмот". Значи, никој овде во Собранието , сите се против тероризмот, но сакаме да содејствува Декларацијата со самиот провод кој сакаме да го направиме ова.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, добивам впечаток дека некој сака црното да го прикаже бело, или белото црно. Кога на целата светска јавност им е јасно што значи тероризам. Како ние не сакаме да признаеме што е тоа тероризам и мораме отворено да проговориме за тероризмот.

Амандманот кој е предложен од пратеничките групи на албанските партии има за цел да го прикрие тероризмот во Македонија и на Балканот. Господо , да го прикрие тероризмот на Балканот и во Македонија. Од тоа , мислам со тоа прават голем грев , не само спрема Македонија и Балканот, туку спрема целата светска јавност, затоа што целата светска јавност го осудува тероризмот, кој има се поголем и поголем замав во светот и целиот свет веќе застана со заеднички сили да се бори против тероризмот. Токму ваШето барање за отфрлање на точката 2 и 3 од Декларацијата се нечесни. Нечесни, затоа што ги браните терористите, господо. Со вашето бранење на терористите значи вие застанувата зад терористите, а со тоа се декларирате зад нив и вашите намери не се чесни. Тероризмот не може да се поделни н амакедонски, балкански или на САД. Тероризмот е светски проблем. Целиот свет се бори против тероризмот икако држава ние сме должни и имаме обврска да се приклучиме кон овој светски проблем, да дадеме подршка со сите можни расположливи средства што ги имаме. Дека во Македонија имаше тероризам како може да се скрие. Кога манастирот Лешок е уништен, зарем тоа не е тероризам, зарем тоа не е варварство. Кажете дали има нешто погрозно од тоа. Прво, забрането е со оружје да се влегува, а јас верувам дека и во џамиите е забрането да се влегува со оружје, а не да се руши некој објект. Тоа е повеќе од тероризам, а уште погрозно е на човек кој на работно место да му се врзе дунамит и со се динамит да експлодира објектот. Господо, зарем тоа може некој да го оправда. Зарем силувањата се борба за човечки права, тоа е повеќе од тероризам. Зарем опожарувањата на куќите на нејзините граѓани кои ги напуштиле своите домови, бидејки претстоеше опасност да бидат Тепани, силувани, македонските објекти во селата повеќе од 50% се опожарени и до темел изгорени. Она штоостанало пред тоа е испокрадено. Тоа е повеќе од тероризам.

Геноцидот штб се врши на макеоднското население во својата држава тоа е единствен случај во светот, тоа Не може ни една земја да го поднесе. Македонците се бркаат од своите вековни огништа каде што живееле повеќе илајди години.

Господо, за да ви биде јасно мора само едно да сватиме дека постојат два вида на малцинства и со тоа се ќе ви биде јасно дека не се работи за човекови права, туку се работи за чист тероризам. Првото малцинство е она малцинство кое живее на своите етнички територии, историски етнички територии со Векови. Таков е македонскиот народ, кој живее на овид територии балкански со векови повеќе илјади години. Македонците живеат во Албанија,

македонците живеат во Бугарија и тие можат да се наречат народи и да бараат јазик. За жал, тие немаат ни јазик , не се ни декларирани како народ. Тоа право им се одзема. Зошто господа граѓани албанци акотолку се залагате за човекови права, зошто еднаш не го подигнете гласот и да ги барате истите права да ги ужива македонското малцинство, како што вие ги уживате овде во Македонија. Мене ми е мило што ги уживате тие права, меѓутоа, треба да барате и македонскитонарод да ги ужива тие права.

Второто малциснтво кое живее во Македонија, има повеќе малцинства, но албанското е незадоволно. Тука треба да направиме разлика, малцинство кое е дојдено во Македонија не живеело на овие простори илјадници години , како што живеат македонците во земјите кои ги напомнав. Тие се дојдени за подобар живот, за парче леб се со цел за соживот и за подобро утре заеднички да ја градиме оваа наша татковина. А, добивам впечаток, господо, дека вие сакате да ја разградувате Македонија. Тоа нема да го дозволи ниедна држава и тероризмот токму тука најде корени и е подржуван и затоа веќе се јавува. Од тие причини должна е Македонија да помогне и да нагласи дека тероризмот е присутен и на Балканот и во Европа.

Зошто поднесовте амандман кога знаете дека тероризмот е присутен. Тоа е пвоеќе од сигурно човек кога си ја има мувата на капата, па постојано ќе ја подигнува раката и е сака да ја брка. Со тоа признавате дека тероризмот е присутен во Македонија, незнам зошто го негирате.

Крајно е време сега да застанете на една страна, дојде времето. нечесна борба, војна многу е тешко да се војува. Може да се војува еден или два месеци или една или две години, не може долго. Мора да се разоткријат веќе маските. Маските мора да паднат. Или сте против тероризмот , а со тоа ќе застанете и зад САД и зад целиот цивилизиран свет или ќе застанете зад терористите кои во овој момент, жалосно поедини муслимански земји го форсираат како средство за борба за некои права. Мора, господо, сега да застанете , или сте против тероризмот или сте со тероризмот. Ако застанете зад САД, тогаш ќе бидете против тероризмот и тогаш можат да ви забележат како што вие велите вашите браќа дека не ги подржувате, а тие вас ве подржуваат. Не, господо, нема браќа, нема браќа, сите ние сме браќа на овој свет, еден живот имаме и сите живееме заедно и треба да го живееме што подобро.

Само да ве потсетам, кога Милошевиќ жареше и палеше низ Балканот ние застанавме зад Косовските албанци, а вие велевте дека вас ви се браќа. Сите сме браќа, затоа што тогаш им требаше помош. Ние примивме 350 илјади албанци, а вие постојано велите дека тие ви се браќа. Во тој случај нас ни се србите браќа. Од каде браќа? И брат да ни е, ако не е на чесната страна , ако се судрува со Законот, мора да сноси соодветна одговорност. Најголем проблем е што во оваа држава ни СДСМ, а уште помалку ВМРО-ДПМНЕ не го спроведуваа Законот. А, да го спроведуваа Законот, немаше да се дојде до ова до што сега е дојдено.

На крајот да завршам, Макеоднија од секогаш и како народ и како држава кои има чесеи намери , гостопримлив народ, секогаш ја бираме најдобрата страна, чесната страна и застануваме зад чесната војна.Така тоа го направивме во сите војни, така го направивме и во Втората светска војна, застанавме против фашизмот со сојузнивќците и сега во оваа војна против тероризмот ќе застанеме на чесната страна против терористите, односно за обединување на целиот свет против ова зло што го најде човечштвото.

На крајот, искажувам голема жалост кон целиот американски народ, затоа што невини луѓе загинаа. Ако некој од овие луѓе е виновен за нешто, нека бараат проблеми во американските политичари, а не во американскито невин народ.

Затоа, и давам подршка на американската политика која што мора да се справи со терористите. Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Симев, меѓутоа, пратениците имаат некои обврски, некои ми соопштија дека имаат партиски обврски, да завриме, но гледам дека не можеме да завршиме. Уште неколку пратеници нека се јават, па потоа ќе завршиме.

Дали е тука Горан Невеновски? (Не)

Г-динот Данило Глигоровски е тука.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитувна претседателе, почитувани пратеници, најмногу ќе се задржам на амандманот што албанските партии во македонскито апрламент го предложија. Имено, тој најмногу се однесува на еден дел кој што би сакал внимателно да го прочитаме уште еднаш, иако беше прочитан. Тој гласи: " Оценувајки дека тероризмот во овој момент претставува најголемо зло за човечштвото чии последици длабоко и трагично ги почувствува и РМ, Собранието изразува готовност за соработка и приклучување на РМ во активностите за борба против тероризмот". Каде во овие зборови има спомнато албански терористи, македонски терористи, мухаџедински терористи или билокакви. Никаде. Овдека се кажува една Декларација против тероризмот. Овдека една реченица тврди нешто глобално. Арно ама на една таква глобална реченица албанските партии предложија амандман. Прашањето е зошто, дали некако се препознаа. Никаде овде не стои дека се албанци терористи и т.н. Арно амо, на таквата реченица албанските партии предложија амандман. Значи прашањето е зошто. Овдека ги нема. Можеби се препознале, а можеби препознале и некои други работи кои што во меѓувреме се случуваа во светот.Тие други работи што се случуваат беше на пример

листата на г-динот Џорџ Буш на кој што тој нареди огромен број на албански терористи на чело со Алија Ахмети , му забранија да влегува во САД. Меѓутоа, исто така, американците направија и имаат списоци не само на г-динот Алија Ахмети и на други албански терористи, имаат списоци и на талибански терористи. Истот ака, побараа таквите списоци да бидат доставени директно од албанската влада. Значи можно да е туак да е препозната работата и затоа е поднесен еден ваков амандман.

Инаку постојат голем број на стопостотни поклопувања , стопостотна коинциденција која што човек просто не може да ја одбегне, логички не може да ја заборави. Бил Ладен водачан на талибанците, Алија Ахмети , водач на албанците и едниот и другито на списокот на Џорџ Буш. Значи Бил Ладен го бараат САД, а овој другиот на список не сакаат ни да го примат внатре. и едните и другите се исламски фундаменталисти. И едните ид ругите ја црпат својата моќ од призводство и продажба на дрога. Тоа се стопостотни факти кои што се просто фрапирачки и кои што во светло на тоа дека Америка конежчно почнува да води Јзојна против тероризмот и на списокот го има и Бил Ладен и Алија Ахметеможе многу да говори.

Конечно, мислам дека за Америка тероризмот што е генериран од исламскито фундаментализам е подеднакво ло, дали се случува во Авганистан, дали се случува во Чеченија, дали се случува во Израел, дали се случува во Макеоднија, дали се случува во Западна Европа или се случува во Америка. ислам дке апоследната определба и последната политика што САД ја определија и јавно ја објавија во светот е токму таква. Секаде генераторот на најгрозниот тероризам, а тоа е исламскиот фнадментализам секаде во светот е подеднакво лош и секаде во светот ќе биде подеднакво истребуван. Можно е нашите албански колеги да се препознасле, иако ние како макеоднски пратеници овдека не можеме да прочитаме никаде дека станува збор за вакви албански терористи. текстот е многу глобален, ама одедна некој се нафати и дава амандман против тој текст. Можно е, кажувам, дека причините за таквото поднесување на овој амандман е токму од овие фрапантни коинциденции кои што ги изнесов.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**: (продолжение)

Во таа смисла за амандманот нема да гласам, а Декларацијата целосно ја поддржувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега за уште еден дискутант ни создаде место г. Глигоровски.

Има збор г. Каранѓелески.

**РАДОМИР КАРАНЃЕЛЕСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Изнесено е мислењето и ставот на Демократската Алтернатива и не би повторувал, бидејќи за мене е чиста ситуацијата и немам никакви дилеми ниту сомневања во однос на Декларацијата.

Би сакал само да спомнам сосема накратко неколку работи кои што мислам дека треба да се отворат како дискусии и полемики меѓу пратениците. Не прифаќам дека е од албански, македонски блок бидејќи никогаш тоа ниту јас лично ниту како партија сме го прифаќале. Меѓутоа, ниеднаш во ова Собрание, кога се разговарало и говорело за одредени документи каде што биле спротивставени да кажеме партиите на македонските албанци не е тргнато со ниту еден позитивен пример, кој што ги има безброј во Република Македонија. Секогаш розата ја гледаме од страна на трнот, никогаш од страна на цветот, никога не се спомуваше од страна на нашите колеги од десната страна или зад нашата пратеничка клупа за историскиот соживот и заедничкото живеење и интегрирано, а не гетоизирано живеење на овие простори меѓу Македонците, Албанците и другите националности. Никогаш не се зборувало во блиска историја за работите што ни се случувале со кризата на Косово, каде што исто така нашите колеги поднесоа, поголемиот дел, тоа мораме отворено да си го кажеме, а ние сме имале сепак доблест во одредени ситуации тоа да го признаваме, меѓутоа, секогаш тие примери што сме ги признавале дека постои таква и вакква страна или негативна појава, секогаш се земале со "аха, вие тоа го правите". Јас не сакам сега да правиме подвоеност, токму од тие причини сакам да се вратам на основната грешка на ова Собрание што во самото начело од Танушевци не ги нарековме тие луѓе што нападнаа таму терористи и со вистинско име и презиме да се наречат и да се знае со кого треба да се справи оваа држава и со оглед на членот од Уставот број 28, првиот став во кој што се вели дека одбраната на Република Македонија, на Македонската држава е право, меѓутоа, и обврска на сите граѓани. Зошто го велам тоа? Затоа што да можеше да се надминат одредени партиски ситни и други интереси, во тој момент, јас сметам дека во корен веднаш ќе се средеше ситуација со помалите групи и немаше да ескалира состојбата во Република Македонија и после седум месеци да се доведеме во ваква ситуација, каде што довербата меѓу граѓаните од различните националности е тотално разнишана и фактички не постои. Фактички сега треба со огромен напор долгорочно да работиме, за да може после две, три, пет или десет години да се воспостават некои релации кои постоеле на овие простори година-две наназад, а да не зборувам пред 20-30 години.

Меѓутоа, кога зборуваме за Уставот и за некои одредби, очигледно не се разбира дека тие работи треба да се почитуваат. Дури и пратениците - јас тоа го зборував и порано - во овој Парламент се имаат заколнато на овој Устав. Каков е таков е, тој треба да се почитува, затоа што сите декларативно се залагаме за правна држава и за спроведување на правото, а први ги одобруваме од оваа говорница некои борби божем за права, јас не велам дека тие треба да се продлабочуваат, сто пати тука сме го изнеле нашиот став, меѓутоа,

со оружје, па господа, каде сме ние, во кој век? Тоа значи дека се оди спротивно на правната држава, спротивно на спроведување на правото и веднаш излегува сега дека фактички тие што се борат не се лојални на државата, не се лојални на системот, не се лојални на институциите на системот и затоа се случуваат овие работи што ги гледаме на телевизија, поранешни офицери, поранешни припадници на полицијата и др., пак сега ќе се вратат итн., како да сме на некоја екскурзија и дека тоа нема врска ни со правниот систем ни со правната држава, како да оваа држава живеат луѓе кои немаат ни грам мозок да разберат што е Закон, што е Устав и што е спроведување на тоа право што ние и претходните состави на ова Собрание сме го донеле.

За да покажам една паралела, не негативно, се кажува - мене ми е многу жал за тоа што се случи во Прилеп - за запалените дуќани во Битола, исто така ми е жал и тоа го осудивме веднаш, меѓутоа, природна реакција е на луѓето, а тоа можеме да го видиме во Америка, во Чикаго, во Мајами и во Далас се случуваат истите работи на другите. Не го оправдувам, да не се разбере погрешно, меѓутоа, таму со вистинското име и презиме се нарекуваат тие појаву и државата се спротивставува и на едната и на другата работа која што е од терористите и од реакцијата, бидејќи основен природен закон е и акцијата и реакцијата.

Меѓутоа, не би се согласил и мислам дека е невкусно да се каже дека некој пратеници, всушност не тука, славеле. Нема човек што може да слави по повод терористичките напади. Мислам дека треба да ја симнеме таа дамка што се изрече вечерва од оваа говорница, бидејќи не верувам дека еден човек во оваа држава може да го слави она што се случи како огромна трагедија во Америка. Се виде дека ги следиме сите вести што се преку Си-Ен-Ен и преку другите телевизии сега тероризмот е интернационализиран. Постојат нови модели комуникациски и секакви други и тоа е проблемот заради кој и Буш повикува и се согласи и Кина и Русија и Европските држави да се интернационализира проблемот, со исто име и презиме да се нарече меѓународниот тероризам и сите да се впрегнат во борбата против истиот. Според тоа, не стојат некои тези дека ние можеме тоа изолирано да го правиме, како ние сага од Македонија ќе разговараме односно ќе донесеме свои ставови - апсолутно е погрешна тезата и не држи.

Конечно, би завршил со еден мој страв или стравување, бидејќи со една ваква за мена апсолутно чиста Декларација во смисла дека никого не погодува, дека нема никаква тенденција задкулисна, дека осудува тероризам кој целиот свет го осудува, со вакво однесување во Парламентот на една ваква чиста ситуација само може да се запрашам или да предвидам како според оние амандмански решанија што ги добивме во анексот-а од Рамковниот договор ќа се спроведуваат многу поважни работи и ќе се донесуваат ставови во ова Собрание, во оние 15 области каде што фактички имама ситуација секоја етничка заедница која има повеќе од 20% да стави вето. Ние сега немаме доверба, ова што го зборував пред малку, да почнеме со позитивни работи едни со други да се гледаме и во оваа недоверба - еве можам да дадам пример, имаша примери од другата страна, кои не се сомневам дека не се точни, од колегата Харуни, меѓутоа, јас ќе ви кажам еден пример на наш сопартиец кој е Албанец, кој се иссели од своето место. Не смеам дакажам каде живее за да нема проблеми, но се исели во друг град затоа што не сакаше да прифаќа во национално-воена политичка партија, туку сакаше да припаѓа на граѓанска партија. Ние како партија не сме моќни ниту како држава да ги заштитиме тие луѓе. Меѓутоа, кога би се договориле и кога би седнале како политички партии, еве да го кажеме човекот кој е, ако му фали едно влакно на глава дека ќе се признае дека постои - јас тоа го зборував и на седницата кога беше првата фаза од анексот-а, каде што реков дека повеќе слојна е таа нетрпеливост. Треба да се прави дистинкција, не е ова како што рече г. Харуни, секоја чест, јас го почитувам, спрема Албанците, ова е спрема многу мал процент на терористи, се однесува и осудата на тие што точно се знае што правеле и како правеле. Впрочем, мислам дека не е коректно да се кријат таквите појави меѓу самите албанци. Тоа го зборував, стојам на тоа и сум разговарал со тие луѓе дека тоа постои. Меѓутоа, ние мораме да се надминеме за да може таа доверба после пет или 10 години да ја вратиме назад.

Со оглед на тоа, мораме малку поодговорно не само за партиските и личните интереси да си разговараме, ова не е никаков маркетинг, апсолутно оди во правец токму на она што значи создавање на доверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не има доста, можеме да завршиме.

Има збор г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Бидејќи не сум еден од потписниците...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може покусо, за амандман расправаме.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Бидејќи не сум еден од потписниците на оваа Декларација, јавно го кажувам својот став дека ја поддржувам оваа Декларација, бидејќи од оправдани причини не бев во состојба да ја потпишам.

Во контекст на моето излагање, сакам да кажам дека пред извесно време господинот Џорџ Буш, официјално пред меѓународната јавност презентираше една листа од Балканскиот простор, на која листа на терористи имаше и граѓани на Република Македонија. Значи, г. Џорџ Буш на време

презентираше информации дека од овие простори потекнуваат терористи и со самото тоа на мене ми дава право како пратеник во Македонскиот Парламент апсолутно да ја поддржам оваа Декларација која во право време Македонскиот Парламент ја става на дневен ред, за да се совпадне со глобализацијата на тој план за осуда на тероризмот што се одвива во целиот свет. Значи, овој документ кој го презентираше г. Џорџ Буш покажува дека десетина граѓани на Република Македонија се учесници во тие терористички акции и им се забрани влегување во САД. Според тоа, не треба да бегаме од вистината дека на овие простори има терористи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Слободан Даневски, но тој ие е тука.

Има збор г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Јас мислам дека ова е само еден симболичен гест што го прави ова  Собрание во еден навистина траорен момент не само  за амекриканскиот народ туку воопшто и за целиот свет, да донесеме една Декларација со која ќе дадеме велам симболична и морална поддршка во заложбите да се обединат сите прогресивни, демократски и со еден збор човечки ресурси, за да се сплотиме против едно општо зло, цивилизациско зло како што е тероризмот. Во тој контекст дури и една Америка, која што несомнено е водечки лидер, водечка сила во светот и лидер во светот во секој поглед, бара напори од секој, практично од секоја држава, од секоја организација и поединци, да се сплотат во барањето и во борбата против тероризмот.

Но што гледам позитивно во сето ова, во сите овие напори?

Најнапред, после тој тажен момент на 11 септември, јас мислам дека понатаму не ќе можеме луѓето што ќе се одметнат во шума, што ќе земат оружје во раце и што ќе посегнат по легитимните органи, државни органи било каде во светот, за што не гледам разлика меѓу нападот на зградата на Пентагон и нападот на нашите безбедносни сили, дека тие луѓе не ќе можат да го избегнат терминот терористи, не ќе можат да се задскриваат зад борци за човекови права од една страна, а од друга страна исто така не ќе можат и разноразни паравоени организации, поскоци, или неказнети пречекорувања на овластувања од страна на државните органи да не се означат со терминот терористи. Тоа мислам дека од овој момент ќе треба на сите да ни биде јасно.

Второ, мислам дека ќе се напушти синтагмата да се употребува за одговор на терористите "соодветен одговор". Ќе видиме уште вечерва а можеби во текот на утрешниот ден, што значи соодветен одговор од страна на САД.

Трето, верувам дека понатаму не ќе може пред да излезе пред судот на правдата терористите да се амнестираат.

И четврто, верувајте дека најмалку САД *ќе* ги ресоцијализираат терористите или пак недај боже ако го најдат Бин Ладен, ќе го стават на чело на муџахедините.

Значи, понатаму ми се чини дека во многу ќе треба да се промени односот во свеста на секого дека тероризмот е општо зло и ги напаѓа сите луѓе подеднакво, независно каде се наоѓаат и дека против тоа зло мора да се превземат сите возможни средства и мерки.

Јас мислам во тој контекст оваа Декларација претставува навистина еден наш прилог, наше гледање и наш придонес во сочувството што го изразуваме спрема таа огромна болка што ја преживеа американскиот народ, но истовремено спремноста да застанеме, заедно како сите сили, во борба против ова планетарно зло како што е тероризмот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето).

Вкупно гласале 87 пратеници, од кои 13 гласале да, воздржани нема и против гласале 74.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за биришење на точка 3, поднесен од пратениците Насер Зибери и Замир Дика.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 87 пратеници, од кои 7 пратеници гласале за, никој не се воздржал, 80 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Горѓи Тодоров поднесе амандман на насловот на Предлог-декларацијата.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлог-декларација, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Дали некој бара збор?

Има збор г. Ѓорѓи Тодоров.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, За да се биде во корелација со насловот на Декларацијата, со содржината на текстот на Декларацијата, го предложив амандманот од причина што тероризмот не е појава само во САД, туку и секаде во светот, па и на Балканот и во нашата

Република, бидејќи ние сме дел од Балканот.

Поради тоа, за да биде во корелација со насловот, со содржината на Декларацијата го предложив овој амандман и барам од колегите пратеници да ме поддржат во таа насока.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Јас сакам едно објаснување да дадам, ако може, и ако ми дозволите.

Оваа Декларација е предложена и има особена намена Македонија да ја построи во земјите кои сега ја поддржуваат иницијативата на Соединетите Американски Држава, а која иницијатива е дадена поради настаните кои се веќе во насловот.

Јас би ве молел ако може да го задржиме насловот, инаку содржината на Декларацијата е таа што господинот Ѓорги Тодоров вели. Меѓутоа, ако сакате да не препознае светот дека сме влезени, како земја, таму, мислам дека последен ден е денеска оти после доцна ќе биде, треба да ја донесеме Декларацијата денеска, а ако може амандманот да го повлечете, тоа е ваше право.

Ова е мое мислење.

Се јави господинот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Се повлекувам господине претседателе од дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го прашувам господинот Ѓорѓи Тодоров дали останувате на амандманот?

(Да).

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласаа вкупно 86 пратеници, од кои 7 гласаа за, воздржано гласаа 46, против гласаа 33 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Декларацијата.

Моламекој баразбор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Декларацијата го ставам на гласање.

Преминуваме на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласаа вкупно 85 пратеници, од кои 78 за, воздржано гласаа 7 пратеници, ниеден пратеник не гласаше против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон - Соединетите Американски Држави од 11 септември 2001 година.

Ви благодарам.

Јас предлагам сега да престанеме, утре ќе продолжиме во 15,00 часот.

Седницата прекина со работа во 20,10 часот.